**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје**

**Филозофски Факултет - Скопје**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

**М А Г И С Т Е Р С К И  Т Р У Д**

# Предизвиците за постконфликтното помирување 2001-2021 година


**Ментор:**

Проф. д-р Билјана Ванковска

**Изработил:**

Бојан Масевски



јануари, 2024

# Содржина

**Вовед** **4**

**1. Глава 1** **17**

**1.1 Мировни Договори** **17**

**1.2 Рамковен Договор** **19**

**1.3 Процес на простување** **24**

**1.3.1 Што е простување** **25**

**1.3.2 Што не е простување** **26**

**1.3.3 Постои ли колективно простување?** **27**

**1.3.4 Што доколку не простиме?** **28**

**1.4 Соочување со минатото и помирување** **29**

**1.4.1 Процесот на помирување** **30**

**1.4.2 Неопходноста од помирувањето** **31**

**1.4.3 Три фази** **33**

**1.4.4 Правото да се знае/Право да се знаат фактите** **36**

**1.4.5 Правото на правда/Задоволување на правдата** **37**

**1.4.6 Правото на репарации/оштета** **38**

**1.4.7 Право на обезбедување услови во кои конфликтот нема да се повтори/ Гаранции за неповторување на насилството** **38**

**1.4.8 Помирувањето во македонски контекст** **39**

**1.5 Ресторативна правда** **40**

1.5.1 Жртви на криминал 41

1.5.2 Цели на ресторативната правда 43

1.5.3 Придобивки од ресторативната правда 45

2. Глава 2 49

2.1 Креирање на политики 49

2.1.1 Доверба 49

2.1.2 Солидарност 51

2.1.3 Универзалност 52

2.2 Договори и иницијативи кои го попречуваат процесот на помирување 53

2.2.1 Тиранска платформа 53

2.2.2 Преспански договор 56

2.3 Образование 58

3. Глава 3 62

3.1 Меѓународни интервенции 62

3.2 Идеи за заеднички живот во Македонија 65

3.2.3 Модерните идеи 65

3.3 Членството во ЕУ- заедничка цел или уцена 68

4. Глава 4 74

4.1 Младината и нивното гледање на проблемот 74

4.2 Сведоштвата како симбол на надеж 79

4.3 Сведоштва од други националности 80

4.3.1 Интервјуа 80

4.4 Сведоштва од раселени лица 85

**4.4.1 Внатрешно раселени лица** **85**

**4.4.2 Надворешно раселени лица** **88**

**4.5 Со цел да не се повтори** **92**

**5. Заклучок** **94**

**6. Библиографија** **99**

# Вовед

Она што ни се случило во минатото нека ни служи како мотивација, инспирација и лекција врз која може да ја градиме иднината. Охридскиот рамковен договор, донесен во август 2001 година, требаше да претставува и беше претставуван како договорна основа и надеж за постконфликтното градење на мирот во Република Македонија. Се очекуваше тој да биде точката на пресврт во развојот на политичките и меѓуетничките односи, во насока на значително подобрување на општата состојба на земјата. Мнозина очекуваа дека во таков контекст ќе се создадат и широки можности за внатрешно (меѓуетничко) помирување и воспоставување на траен мир. Дваесет години по донесувањето на Рамковниот договор, таквата перспектива е сѐ уште нешто што треба да се оствари во иднина. И покрај големите чекори сторени во изминатите дваесетина година, а во насока на обезбедување мирно и интегрирано општество, се чини дека најмалку е работено на полето на помирувањето и справувањето со конфликтното минато.

Првичниот интерес за ова истражување се должи на идентификуваните предизвици за помирувањето генерално, во сите постконфликтни општества. Искуствата покажуваат дека станува збор за долг, сложен, но и деликатен процес кој не секогаш дава позитивни резултати. Сепак, посебен интерес за нас претставува состојбата во македонското општество. Практиката покажува дека базичната разлика може да се детектира уште во видот и содржината на мировните договори со кои е ставен крај на непријателствата. Во дадени случаи, тие навистина можат да послужат како основа за градење на мирот, но и за помирување меѓу страните во конфликт, но има и такви чија имплементација води во спротивна насока. Постоењето на добри намери не е доволен услов за постигнување на задоволително ниво на помирување. Всушност, процесот на помирување не може да се предвиди, затоа што не постои оптимална и зададена временска рамка за негово остварување, а во голема мерка зависи од перцепциите, стереотипите и емоциите кои ги негуваат членовите на општеството кое минало низ насилниот конфликт. Оттука, помирувањето е посакувана цел, но не и загарантирана.

Во случаите каде што воениот конфликт оставил човечки жртви на двете страни, работите се многу комплицирани. Иако не сите членови на општеството биле директно засегнати во воените дејствија, сепак сите членови на државната заедница можат да имаат

своја (и различна) интерпретација на причините на конфликтот и на мировните политики по неговото завршување. Па така, не е реткост да се забележат порадикални ставови кај луѓе кои воопшто не биле вклучени во конфликтот отколку кај оние кои го преживеале и искусиле на своја кожа. Тие радикални ставови се формираат како реакција на она што следува по конфликтот, на политиката на сеќавање и начинот на пренесување на наративот за конфликтот. Дури и ако договорот за мир е донесен на легитимен начин, со почитување на сите меѓународни и национални начела, доколку истиот не се спроведува правилно, тој станува фактор кој придонесува за постигнување на спротивен ефект од помирувањето, а незадоволството расте и се пренесува на новите генерации.

Попустливоста, правењето непринципиелни компромиси, неподготвеност за надминување на конфликтното минато на конструктивен начин, безидејноста во преговарањето, како и бизарните институционални реформи кои се прават на штета на демократијата и владеењето на правото, сето тоа може сериозно да ја наруши надежта која првично се појавува при разрешување на еден конфликт. Мора да се спомене дека помирувањето треба да биде инклузивен процес, а не еднostран и ограничен. Тоа значи дека сите страни се спремни да направат напори за да се воспостават искрени врски за заеднички живот и развој во иднина. Доколку само едната страна е притисната да ги направи тие отстапки, тогаш не станува збор за помирување, туку за уцена и заложништво.

Тргнувајќи од овие општи напомени, во продолжение ги изложуваме параметрите на ова истражување во контекст на македонските состојби во изминатите дваесет години.

## 1. Проблем на истражување

Проблематиката поврзана со мировните договори и нивната успешност и прифаќање од членовите во општеството, како и предизвиците со кои општеството се соочува по потпишувањето и спроведувањето на договореното, претставува тема која е доста разработена и обемна на компаративен план. Не само поради историските примери, туку уште повеќе поради современите иницијативи на медијација и склучување договори за примирје или мировен расплет, науката за мирот и конфликтите посветува поголемо внимание на различните хуманистички аспекти на мирот и безбедноста, односно на проширување на сферата на анализа кога станува збор за не само на класични мировни

договори, туку и на мировните јавни политики кои следуваат, вклучувајќи и аспекти на политиките на сеќавање на конфликтот и за трајно помирување. Досегашните истражувања потврдуваат дека договорите и јавните политики се најчесто дело на елитите, односно на претставниците на страните во судир и на меѓународните медијатори и експерти. Потребата во процесот на градење на мирот и помирувањето да се вклучат и општествените фактори, а особено маргинализираните групи (како жртвите и нивните семејства, на пример) останува неартикулирана и најчесто неоперационализирана.

Предизвикот со кои државите кои излегуваат од конфликт најчесто е поврзан со откривање начини низ кои договорот со кој е затворен судирот да се претстави на што подопадлив начин за јавноста, особено ако при неговото преговарање и потпишување во општеството или во негови делови владеело незадоволство и отпор. Незадоволството, оправдано или не, мора да биде регистрирано од власта, па таа порано или подоцна ќе мора се справи со отпорот и евентуалните негативни последици од договорот.

Причините за незадоволството кои понатаму би го стопирале или отежнале процесот на помирување можат да бидат многубројни и со различни позадини. Нетранспарентноста и одземањето на правото на јавноста да ги знае фактите и вистината поврзани со конфликтот и начинот на кој е тој затворен, е една од причините кои креаторите на стратегии и политики ја занемаруваат. Потоа, тука се перцепцијата за попустливост (на едната страна), за подлегнување под притисоци (однатре или однадвор), немањето на еден јасен и цврст став околу црвените линии, како и волјата да се спроведат реформи, итн. Ургентноста е една од работите кои барем во Македонија се чини дека е приоритет на политичките актери при решавање какви било меѓународни спорови. Временскиот притисок да се реши некаков спор по секоја цена додека една политичка партија е на власт, се перципира како гаранција дека земјата се движи напред. Спротивната страна е свесна за таквиот ноншалантен и избрзан пристап и знае дека лесно ќе може да ги постигне своите барања на сметка на попустливоста на другата страна. Ова има сериозни последици кои населението не може да ги одмине, а оттаму, оној договор кој бил осмислен да ги зближи спротивставените страни, всушност ќе ги оддалечи. Реформите кои несомнено треба да бидат спроведени низ различните сектори на државата, се уште еден предизвик за општеството и за процесот на помирување кој заслужува посебно внимание.

Ова истражување значи обид да се објаснат различните (понекогаш и нелогични) пристапи кон разрешување на конфликтот преку склучување договор, а кои всушност создаваат огромни пречки за натамошниот процес на помирување во домашен контекст и низ призмата на македонското општество од 2001 година до денес. Во современиот свет не смее да постои место за уназадување и одлуки кои ќе го втурнат населението и државите кон чувствата на поразеност и потиштеност. Со оглед на тоа што прогресивните сили се како задолжени да ги отстранат сите спротивставени мислења и пристапи кон мирот, ова истражување има особена важност.

## 2. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување начелно се фокусира на начинот на кој е склучен Рамковниот договор, неговата содржина и процес на спроведување во изминатите 20 години. Меѓутоа, ова е само централниот дел, на она што го сметаме и анализираме како поширок предмет на истражување. Рамковниот договор од 2001 година до денес мина низ различни фази на толкување, неконзистентна примена, политика на уцени и редефинирања на неговите оригинерни параметри. Тој е во постојана фаза на редефинирање и остварување низ серија меѓупартиски или внатрекоалициски договори, одлуки и процеси под спонзорство на меѓународната заедница, како и политики и институционални реформи кои се повикуваат на него, но не нужно и се содржани во истиот. Инцидентните мерки и механизми на транзициската правда се или би требало да бидат вообичаен дел на политиката на градење на мирот, но изминатите дваесет години не видоа конзистентна политика на овој план, туку само палијативни мерки со половични или дури и контрадикторни ефекти.

Всушност, честопати ваквите договори и механизми се под ревизија или се дополнувани со цел да ги опфатат новонастанатите состојби по првичните преговори. Како такви, договорите и одлуките за нивно имплементирање се со непредвидливи резултати. Предмет на ова истражување е токму улогата и влијанието на сите тие правни, политички, социјални и други мерки кои се преземени или не се преземени, а кои во ова истражување ќе се анализираат низ призмата на ефектите врз помирувањето во општеството. Понатаму, ќе се истражува причинско-последичната врска за неуспехот на договорите, механизмите,

одлуките и политиките кои се донесени за позитивни промени но го постигнале сосема спротивното. Дополнително ќе се разгледува и анализира содржината на овие договори да би можеле да утврдиме кои членови или делови се токму оние кои го загрозуваат успешното имплементирање на Рамковниот договор. Во одредени случаи секако, не мора да станува збор за проблематични содржини туку за начинот на кои овие одлуки и договори се донесени. Оттаму, тие начини, околности, транспарентност, позиции, црвени линии, подготвеност низ процесот на преговарање предизвикуваат се исто така предмет на ова истражување, бидејќи несомнено претставуваат огромен предизвик и пречка во интерпретирањето на договорот или неговото прифаќање. Политичките партии, особено оние кои се на власт, ќе бидат дел од предметот на ова истражување бидејќи додека се на власт се надеваат дека со решавање на меѓуетничките проблеми земјата ќе закрепне од не толку дамнешниот конфликт. Ова истражување ќе го има за свој предмет и помирувањето како една состојба или процес низ која поминуваат не само државните органи туку и населението. Ќе се посвети внимание на позитивното и негативното мислење на граѓаните како предизвик кои кројачите на политики треба да го имаат во предвид, и дали од граѓанска гледна точка тие се остварливи, праведни и полезни. Граѓанското општество е клучен дел од процесот на прифаќање или неприфаќање на промените зацртани со било какви одлуки или политики и за намалување на спиралата на насилството, особено кога граѓаните имаат можност преку своите здруженија да влијаат во креирањето на политиките до одреден степен.

### 2.1 Операционално определување на предметот на истражување

Предметот на истражување е биде појмовно операционализиран и комплетиран преку дефинирање на следниве клучни концепти:

*Политички партии*

Политичките партии се здруженија на граѓани со исти или слични мислења кои имаат за цел да се доведат себеси на позиција на власт. Тие служат како претставници на народот и неговата волја и имаат заложба кон граѓаните за застапување на нивните интереси

при нивното стапување на власт. Низ историјата се формирани различни идеологии кои граѓаните ги претвориле во свои политички агенди. Постојат различни партиски системи, па оттаму имаме едно партиски систем, двопартиски систем и повеќепартиски систем.

### *Граѓанско општество*

Разновидните граѓански организации кои не се ангажирани околу освојување на власта се дел од граѓанското општество. Тие имаат за цел да понудат разноликост на знаења, мисли, уметности и способности како и да го мотивираат населението да се вклучи активно во креирање на својот општествен живот. Дел од граѓанското општество се и невладините организации, нивната работа, идеологија, визија, пристап па дури и финансирање. Тука влегува и цивилната популација која не е дел од никакви организации но сама ги толкува состојбите и случувањата во земјата.

### *Медијација и преговарање*

Медијацијата и преговарањето се два различни поими кои честопати се користат за разрешување на некаков спор, конфликт или војна со цел да се прекинат насилствата, постигне некаков договор врз кој ќе се базира понатамошната комуникација. Процесот на преговарање е чин кој низ дипломатски средства треба да воспостави поволна позиција за страните вклучени во конфликт. Медијацијата е еден вид на помош при процесот на разрешување на конфликт и се базира на трета страна која е непристрасна а се обидува да го помогне склучувањето на договор меѓу засегнатите страни во конфликтот.

### *Помирување*

Помирувањето се јавува како еден процес кој доаѓа спонтано и без некоја временска рамка после конфликтот, потпишаните договори и слично. Може да речеме дека е еден од последните чекори кои страните засегнати во конфликт или спор имаат можност да го искусат пред да се посветат на повторно воспоставување на позитивни позиции и мислења за другата страна. Овој процес не е загарантиран со самото донесување на некаков договор

меѓу инволвираните страни, ниту пак може да биде форсиран од една или друга страна. Самото помирување истотака има свои специфики и карактеристики. Па така, овој процес може да се разгледува низ призмата на власта и државните органи, националните интереси и слично. Од друга страна пак, помирувањето може да го разгледуваме и како емоционална состојба на граѓаните кои се соочуваат со последиците од некаков конфликт или судир сосема различно од државните органи.

*Договор*

Договорот е документ во кои се одредени членови и уредби врз кои се темелат односите помеѓу две или повеќе странки.

*Разрешување на конфликти*

Разрешувањето на конфликти е долг, исцрпувачки и непредвидлив процес исто како и самиот конфликт. Самиот процес е показател за волјата на засегнатите страни да се изнајде решение кое би било поволно, прифатливо и долготрајно.

*Креирање политики*

Креирањето на политики е процесот на донесување краткорочни или долгорочни решенија, одлуки, стратегии или со друг збор политики во различни сфери од општественото уредување. Креирањето на политики како такво не е ексклузивно резервирано за државниот апарат, но политиките кои се донесени низ овој процес и низ државните органи имаат најголемо влијание врз животот на граѓаните.

## 3. Цели и задачи на истражувањето

Ова истражување има за цел да даде придонес во објаснувањето за значењето и важноста на креирање политики и носење на политички одлуки кои нема да резултираат со чувство на попустливост, поразеност и губење на достоинството при процесот на помирување и разрешување на конфликти или спорови било тоа да се воени или невоени како и воочување, соочување и справување со предизвиците кои се појавуваат низ процесот на помирување.

Истражувањето, за негативните последици и реакции од политиките кои се наменети за помирување а го имаат спротивниот ефект  има основна, научна и практична цел.

*Основна цел*

Основната цел на ова истражување е да се добијат теоретски и емпириски сознанија за важноста на воочувањето и соочувањето со предизвиците при процесот на помирување како и  креирање политики кои нема да ги следат прогресивните трендови по секоја цена и на тој начин да се надеваат дека ќе дојде до помирување и конечно разрешување на споровите и конфликтите кои ги нарушиле мирот и безбедноста. Сите овие сознанија би требало да ги заинтригираат големиот број на институции и јавноста кои на некој начин се засегнати со оваа проблематика, да ги поттикнат и им помогнат во нивниот делокруг на работење со внесување на нови знаења и искуства здобиени од трудов.

*Научна цел*

Научната цел на ова истражување е да се изврши научна дескрипција и научно објаснување на важноста на процесот на креирање политики и механизми кои се наменети за пост конфликтно градење на мирот и создавање на атмосфера на доверба, простување, помирување и соочување со болката од минатите конфликти. Понатаму, ќе треба да се објаснат и предизвиците со кои се соочува процесот на помирување, нивните извори и причини за појавување, како и можното справување со истите. Непобитен е и фактот што оваа област е делумно табу тема па дури и е недоволно научно истражувана и објаснувана од страна на лица кои се длабоко инволвирани со оваа тема на интерес. Особено во поново време, кога секое различно и спротивно мислење се толкува како радикализам, национализам и назадување и се бара згаснување на критичката научна мисла со цел да се спроведат нови трендови во разрешувањето на споровите. Со ова само би се отвориле нови хоризонти на научната мисла, со крајна цел пишување на нова страница од оваа мошне интересна и примамлива област која бара сериозност, храброст, решителност, исцрпност, упорност и посветеност во работата. Научната вредност најпрво би ја почувствувале сите засегнати вработени од безбедносниот и политичкиот сектор, а потоа и сите останати ентузијасти и вљубеници во оваа тематика.

*Практична цел*

Како практичната цел на ова истражување се јавува обезбедувањето на основни сознанија со кои ќе се увиди и процени не само улогата туку и значењето, важноста, влијанието и резултатите при креирање на политики и донесување на одлуки кои треба да донесат помирување наспроти политики и одлуки кои се насочени кон помирување и разрешување но го постигнуваат спротивниот ефект, како и предизвиците низ кои поминува процесот на помирување. Нивната неопходност само ќе помогне во изградбата, унапредувањето и менувањето на политиката, стратегијата, и пристапот кон процесот на креирање политики за помирување. Ова е се потребно, првенствено од причина што спорови и конфликти постоеле, постојат и ќе се појавуваат во иднина па оттаму се јавува и потребата да се посвети посебно внимание на оваа проблематика. Конфликтот од 2001 година ни покажа дека еднонасочен пристап не може да биде решение, ниту пак ќе доведе до помирување на засегнатите страни. Попустливост, неспремност, желба да се разрешат споровите по секоја цена, институционални реформи кои навидум носат прогрес, гаранции за мир кои не успеале да ја спречат спиралата на насилството и неможност да се утврдат фактите, не смеат да бидат прифатени како пристап кон преговарањето, особено ако страните засегнати во спорот не се на исто рамниште. Од друга страна пак, резултатите на самото истражување треба да иницираат и поттикнат изработка на трудови, пишување и објавување на стручна литература на ова поле, како и дискутирање на конференции за проблематиката што ја опфаќа ова истражување. Секако тука може да се вметне и охрабрувањето за објава на други научни истражувања кои делумно или целосно се занимаваат со оваа тематика.

### 3.1 Задачи на истражувањето

Од претходно зацртаните цели произлегуваат следниве задачи:

- Анализа на процесот на помирување при воени и невоени (внатрешни) конфликти како би се здобиле со компаративни шеми околу политики кои се успешни наспроти политики кои се неуспешни;

- Дистинкција помеѓу воените и невоените конфликти заради согледување на различната реакција, процес на донесување одлуки, како и временски период во кои народот е спремен да го стави минатото зад себе;

- Распознавање деструктивни трендови при креирање на политиките за помирување;

- Распознавање на предизвиците за процесот на помирување и справување со истите;

- Разработување на техники и методи како би се спречиле: селективно меморизирање на настаните/споровите/конфликтите, нетранспарентноста при донесување на одлуки за помирување и непочитување на однапред зацртаните правила и норми;

- Креирање проекција за подолг временски период врз основа на донесените одуки и нивното влијание врз населението;

- Анализа на различните мислења на граѓаните и експертите итн.

**4. Хипотетичка рамка**

Основна хипотеза на ова истражување гласи:

Дваесетгодишната имплементација на Рамковниот договор, со кој се заврши насилната фаза на конфликтот оф 2001 година во Република Македонија, во својот фокус го немаше помирувањето и соочувањето со минатото, па оттука неговите ефекти врз постигнувањето на траен мир се ограничени и недоволни.

Споредни хипотези:

- Рамковниот договор од 2001 година е основа врз која се градеше политиката на постконфликтно градење на мирот во изминатите 20 години;

- Рамковниот договор во суштина не е мировен договор, затоа што не предвиде механизми на транзициска правда;

- Примената на Рамковниот договор беше неконзистентна и зависна од односите на моќ и пазарење меѓу коалициските партнери во владата кои требаа да го гарантираат;

- Примената на одредбите на рамковниот договор, особено во случаи на внатрешни кризи, најчесто зависеше од толкувањето и директното инволвирање на меѓународниот фактор;

- Попустливоста во носењето на политичките одлуки, па дури и на уставноправните и законските решенија, не доведе до помирување ниту пак е добар начин за соочување со минатото;

- Институционалните реформи после конфликтот не беа спроведени коректно;

- Помирувањето е процес кој не може да биде наметнат одозгора;

- Во постконфликтното општество, притисокот беше главно на едната страна, додека другата успеа да ја прошири рамката за етнополитички цели;

- Спиралата на насилство (физичко, структурно и културно) сѐ уште не е запрена;

- Механизмите за утврдување на фактите околу конфликтот не донесоа резултати и одлуки;

- Ефектите од ретрибутивната правда беа со ограничен, а неретко и контроверзен ефект врз јавноста;

- Македонската јавност сѐ уште нема целосни информации и факти за тоа што се случило во 2001 година и оттаму е во неможност успешно да се соочи со минатото;

- Обештетувањето на жртвите и неговото спроведување по 2001 година донесе дополнителни проблеми за процесот на помирување.

### 5. Методологија на истражување

Имајќи ги во предвид целите на истражувањето, методолошкиот карактер на истото може да се определи на следниот начин:

*Експликативен карактер* - теориско истражување со кое се објаснува потребата и значењето процесот на креирање на политики кои навистина ќе овозможат помирување за сите страни засегнати во конфликт или спор наспроти оние одлуки кои само навидум носат прогрес.

*Дескриптивен карактер* - целта е да се опише и да се разработи улогата и влијанието на одлуките кои се донесени со цел за разрешување на спор или конфликт, помирување и чекорење напред врз јавноста и населението од една страна, и опис на одлуките кои се наменети со иста цел но кои го постигнуваат спротивниот ефект од друга страна, како и да се опише важноста, значењето, и неопходноста на првиот вид на одлуки и опасноста од вториот вид на одлуки и политики. Поконкретно, дескриптивниот карактер има за цел да го опише процесот на помирување во Македонија од 2001 година до сега и предизвиците кои се манифестираат при овој процес.

Имајќи ја во предвид комплексноста и повеќедимензионалноста на ова истражување, изборот на методите за анализа на добиените податоци, се изврши според карактерот и целите на овој труд. За таа цел беше применет интегралниот (квантитативно - квалитативниот и аналитичко - синтетичкиот) пристап, со утврден аналитички концепт за потврдување на веродостојноста на мисловната активност.

Во процесот на прибирање податоци за теориска анализа, примена има и историографскиот метод, односно историографските пишани податоци, со единствена цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно-верификувана документација.

Методот на анализа на содржина најде своја примена во анализата и обработката на релевантната документација поврзана со спроведувањето на Рамковниот договор, извештаите на државните институции и меѓународните владини и невладини организации, медиумски анализи, како и домашната, странската литература, студиските списанија, зборниците од меѓународните конференции, правилниците, списанијата кои се бават со

оваа тематика и сета преостаната литература која се однесува на проблемот на истражувањето.

Користењето на компаративниот метод помогна во извршување делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци. Тој се користи во случај на потреба од споредба на одредени карактеристики, селекција и анализа на одредени сознанија, податоци или пак информации добиени од различни емпириски примери на помирување.

Ова истражување има и одредена емпириска димензија која ја реализираме со анализа на мислењата и перцепциите на одредени целни групи во рамки на македонските граѓани. Поконкретно, вниманието е на младите, односно на оние кои за време на конфликтот од 2001 година не биле родени или пак биле премали за да имаат сеќавата за тоа што се случило. Ова истражување прави дополнителен обид да дојде претстава за мислењата на припадниците на спортски навивачки групи, кои се можеби и најгласните противници на процесот на помирување.

# 1. Глава 1

## 1.1 Мировни договори

Во поголемиот дел од запишаната историја, мировните договори беа заеднички инструмент на човештвото за ставање крај на војната. Како историски феномен, мировните договори се појавија независно еден од друг во сите големи антички цивилизации во светот. За формирање на современото меѓународно право за создавање мир, доминантна нишка која се посвојува е европската, односно начинот и форматот на мировните договори зацртани во Европа. Модерната историографија воспостави линија на традиција на склучување договори и миротворство, која започнува со античкитте цивилизации на територијата на денешниот Блиски Исток, и поминува низ класична Грција до Римската империја. Преку опстанокот на римските практики и повторното откривање на римското право во 11 век, суштинските карактеристики на оваа традиција беа вткаени во практиката и доктрината на мировниот договор на средновековната и рано-модерната Европа.

Во контекст на колонизацијата, европските сили се сретнаа со други традиции и честопати мораа да ги приспособат своите практики на локалните ситуации. Меѓутоа, во 19-тиот и почетокот на 20-тиот век, европските и западните сили ги наметнаа своите форми и начини на создавање мир на неевропските народи. Општо земено, може да се разликуваат три категории на значителни клаузули од мировниот договор.

Прво, постојат клаузули кои ги решаваат споровите во основата на војната.

Второ, има клаузули кои се однесуваат на правните последици од војната и ставаат крај на воената состојба.

Трето, постојат клаузули кои ги регулираат идните, мирни односи меѓу воинствените земји, како што се трговијата и пловидбата. Во оваа категорија може да се вбројат одредбите кои се насочени кон стабилизирање на мирот. Европските мировни

договори од 16-тиот до 19-тиот век беа особено елаборирани за последните две прашања, што ги прави најважни историски извори за “jus post bellum“ од тие векови.[1]

Што е мировен договор? Тоа е правен договор меѓу две или повеќе непријателски страни, обично земји или влади, со кој формално завршува воената состојба меѓу двете страни. Мировните договори се разликуваат од другите меѓународни документи кои ги контролираат конфликтите со тоа што тие често се кулминација на меѓународните мировни дискусии и бараат трајни решенија преку воспоставување услови за мир. Мировниот договор не е исто што и предавањето, во кое едната страна се согласува да се откаже од оружјето; или прекин на огнот, во кој страните се согласуваат привремено да ги прекинат воените дејствија; или договор за примирје, во кој страните се согласуваат да ги прекинат непријателствата, но не се согласуваат со долгорочни услови за мир. Меѓутоа, секој, или сите, од овие документи може да му претходат на извршувањето на мировниот договор меѓу две страни. Конфликтите најпрво може да завршат со предавање на едната страна или со компромитиран договор за прекин на огнот. По нив може да следи договор за примирје, како во случајот со Корејската војна во 1953 година. Во такви околности, трајните услови за решавање на конфликтот може конечно да бидат објавени во формален мировен договор.[2]

Мировните договори, исто така, може да се разликуваат по многу основи. Мировните договори генерално вклучуваат посебни суверени национални држави. Меѓутоа, во последниве години, меѓународната заедница беше принудена да преиспита како мировните договори би можеле да се користат за да се решат не само конфликтите меѓу народите, туку и конфликтите внатре во нациите.

Мировните договори не се гаранција за мир, ниту пак постојат гаранции дека мировниот договор ќе биде почитуван, остварен или пак траен. Но, и покрај тоа, без една рамка на вистински мировен договор, не може да очекуваме градење на постконфликтното општество без разлика дали тоа е помеѓу две различни држави или пак како во македонскиот случај со внатешнен конфликт. Оттаму, кога еден договор не доволен или

---

[1] Randall Lesaffer, *Peace Treaties and the Formation of International Law*, Oxford University Press, 2012, pg 1-2.
[2] American Bar Association, *Understanding Peace Treaties*, 2018, https://www.americanbar.org/groups/public_education/publications/teaching-legal-docs/understanding-peace-treaties/

пак не ги застапува потребите кои настанале, не дава решенија и одговори на новите случувања, не е нужно да се форсира туку на истиот може да се гледа како почетна рамка за преговори која би донела нов договор или пак во најлош случај повторен конфликт иако тоа е токму она што мировниот договор се обидува да го спречи. Мировен договор кој не се грижи за иднината на двете завојувани страни не може да се именува и смета за таков. Па така, Охридскиот рамковен договор иако има некоја форма на мировен договор, не претставува сеопфатна рамка за градење на мирот помеѓу етничките страни кои беа инволвирани.

## 1.2 Охридски Рамковен договор

Целта на ова заглавје е да ги разгледа Охридскиот Рамковниот договор и неговите амандмани, членови како и неговата интерпретација од засегнатите страни. Документот кој е со должина од петнаесетина страни беше потпишан на 13.08.2001 година во Скопје. Неговата содржина се претвори во еден темел за меѓуетничките односи како и за целосно трансформирање на дотогашната македонската држава и нејзиното управување. После неколку месечно крвавење, притиснати од меѓународните актери, политичките страни од конфликтот решија да седнат на преговарачка маса.

Самата преамбула на договорот ни посочува дека текстот дава усогласена рамка за обезбедување на демократијата во Македонија, како и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи помеѓу Македонија и Евро-атлантската заедница. Понатаму, преамбулата вели дека Рамковниот договор ќе го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество почитувајќи го етничкиот идентитет на сите македонски граѓани.

Точно е дека Рамковниот договор и неговото спроведување е често споменуван како показател за нашата подготвеност да пристапиме кон ЕУ, но самиот договор не гарантира развој на такви поблиски односи. Напротив, и покрај имплементацијата на овој договор, Македонија подоцна, во 2018/2019 година, беше принудена или измамена да го потпише Преспанскиот договор заради наводен влез во НАТО и ЕУ. Денес е на дневен ред и

барањето да се надгради потпишаниот Договор за добососедство со Бугарија. Реалноста е дека Рамковниот договор ја отвори Пандорината кутија составена од договори која македонската јавност очекува да се донесуваат со цел да се приближиме кон европските интеграции. Договори кои не секогаш се во наша полза, ниту пак по нивното потпишување се задржуваат некакви алтернативи за Македонија и нејзиниот развој.

Од друга страна пак, Рамковниот договор не само што не го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, туку дополнително ги разделува македонскиот и албанскиот блок. Етничкиот идентитет кој требаше да биде почитуван, беше уништен од Преспанскиот договор, барем кога станува збор за Македонците. Освен тоа, овој став содржи и концептуална контрадикција, бидејќи на исто место бара реализација на граѓански концепт и на етнички сегрегирано општество.

Во анексот Ц, поглавје 3, со наслов „Враќање на бегалците, ревитализација и обнова" се споменуваат заложбите на сите страни како би се вратиле бегалците во нивните домови како и се бара помош од УНХЦР околу истите напори. Се наменува и акционен план за ревитализација кој треба да биде утврден само 30 дена по потпишувањето на Рамковниот договор.[3] Дваесет и две години подоцна, раселените лица не само што не се вратени во своите огништа, туку тие огништа повеќе не постојат или пак се непожелни. Пописите од 2002 година и 2021 година јасно ни наведуваат дека населението во Македонија не само што трпи промени во процентуална смисла, туку и бележи значително намалување. Ова намалување не е само последица од конфликтот и постконфликтното помирување, но е доследно на сите случувања поврзани со тоа како Македонија се справува и управува со своите граѓани, општество и предизвици. Ако тогаш, Рамковниот договор требаше да донесе ревитализација, тотално потфрли не само договорот туку и сите страни кои се потрудија да го спроведат. Поранешниот градоначалник на Арачиново, Брахим Ајваз смета дека Македонците се иселиле од селото поради лични причини, и причината поради која не се враќаат не е поради страв. Согласно пописот од 2002 година, 594 Македонци го населувале Арачиново, а сега се само 4. Според Јана Петрушевска која живеела таму пред војната, 20 македонски куќи биле запалени по завршување на конфликтот и не се чувствува

[3] Охридски Рамковен договор 2001- стр. 11

безбедно да би се вратила таму, иако поседува земјиште.[4] Само едно интервју не е доволно да ја согледаме целосната слика, но ни дава една перспектива која укажува дека Арачиново како и многу други места се непожелни за Македонците иако локалните власти не го попречуваат нивното враќање. И секако дека тоа е и обратниот случај во населени места каде што Албанците се чувствуваат непожелно иако имаат свои огништа. Не станува збор за ништо повеќе од уште еден пораз на Рамковниот договор. Враќањето на бегалците е невозможно доколку самите бегалци не се чувствуваат безбедни и пожелни во средината од која што избегале. Македонците и Албанците сакаат да живеат претежно во мир, а под тоа подразбираат да живеат во хомогени средини.

Членот 7 од Рамковниот договор се нарекува „Изразување на идентитетот" и неговата потточка 7.1 јасно вели дека непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е мнозинство во општината.[5]

Овој член е поткрепен и со законот за употреба на грбот, знамето и химната на Македонија.

Македонската јавност низ годините памети случаи во кои истите општини кои ги уживаат овие слободи, го прекршуваат не само законот туку и „добриот дух" на Рамковниот договор. Тетово, Гостивар, Чаир, Струга се најчестите прекршители на овие одредби често при државни празници или пак при посети на странски делегации. Македонското знаме не е присутно, се поставува знаме на трета земја, најчесто САД, и одговорност воопшто и да нема. При последниот случај, поведена е прекршочна постапка против градоначалниците Билал Касами и Висар Ганиу која иако е доследна на законот и на Рамковниот договор, според претседателот на владејачката Алијанса на Албанците, Арбен Таравари, било непотребна, а самите Касами и Ганиу ја споредуваат оваа постапка како политички прогон од времето на комунизмот.[6]

---

[4] Босилковски Игор, Арачиново и денес ги носи лузните од конфликтот пред 15 години, Призма, 2016 https://prizma.mk/arachinovo-denes-gi-nosi-luznite-od-konfliktot-pred-15-godini/

[5] Охридски Рамковен Договор, 2001 година, стр. 3

[6] Блажевска Катерина, Титоизам за секаква употреба против СРМ, DW, 2023 https://www.dw.com/mk/titoizam-za-sekakva-upotreba-protiv-rsm/a-66546237

Прашањето е како може да очекуваме да реагира македонската јавност? Изјавите на албанските политичари се спротивни на она што го пишува во Рамковниот договор, но не признаваат никаква одговорност и напротив, се чувствуваат како жртви на политички игри. Оттука, ова е уште еден пример за тоа како Рамковниот договор неуспешно се имплементира и е само додатен дел од предизвиците со кои се соочува нашето општество во постконфликтното градење на мирот.

Од друга страна пак, имаме изјави на македонски политичари кои ни го презентираат следниот пристап. На прашањето каков документ е Охридскиот рамковен договор, Фрчковски (еден од советниците на претседателот Трајковски за време на охридските преговори) го изјави следново:

„Охридскиот рамковен Договор е политички акт од внатрешен карактер со правни консидерации - одредби во деловите за кои сака прецизно да се дефинираат. Тој не е меѓународен договор и не е мировен договор. Меѓународен не е поради страните кои учествуваат во неговото сочинување и потпишување, и независно од силното гаранциско учество на посредници, тој во основа е внатрешен акт. Не е мировен, иако има одредби кои се однесуваат за прекин на воените дејства и регулирање на последиците од нив, бидејќи во Македонија немало ниту воена или вонредна состојба за време на конфликтот. Тој од меѓународен аспект се рангира како ниско интензивен внатрешен конфликт, во правна смисла нешто помеѓу бунт и востание.“[7]

Интересно е што Фрчковски не го третира ОРД како мировен договор само поради тоа што не била прогласена вонредна или пак воена состојба во 2001 година, а не поради тоа што истиот не допринесува за постконфликтното градење на мирот. Тогаш, каков договор е ОРД? Фрчковски иако гледа позитивно на договорот и го именува како успешен, ги согледува и неговите недостатоци и пропусти. Партиските вработувања и всушност партиското присвојување на овој договор од страна на ДУИ.

[7] Фрчкоски Љ., Интервју, Дојче Веле, Скопје, 2021 година https://www.dw.com/mk/%D1%84%D1%80%D1%87%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BE%D1%85%D1%80%D0%B8%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80-%D0%B5-%D1%83%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B0-%D1%81%D1%90-%D1%83%D1%88%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD/a-58862983

Токму ова партиско присвојување донесе проблеми и во безбедносниот сектор. Имено, поради поголемиот прилив на нови полициски службеници, Охридскиот рамковен договор го привлече вниманието на јавноста и меѓународната заедница. Интеграцијата на новите полициски службеници беа особено интересна за домашната јавност. Дури и на новите полициски службеници им создаде некои дилеми и предизвици. Прифаќањето на овие нови полициски службеници во заедницата е од големо значење бидејќи ако службеникот ја доживува заедницата како заканувачка и како непријател, потоа однесувањето изложено од службеникот за возврат ќе бидат непријателско, агресивно и пристрасно. Ако службеникот ја доживува заедницата како сојузник, тогаш службеникот ќе биде покооперативен со граѓаните и ќе развива планови и тактики кои се погодни за градење задруга односите во заедницата. Во случајот со етничките Албанци, политичките околности наметнаа ситуација каде нивното прифаќање беше условено од исполнувањето на критериумот количина отколку квалитетот. Други кои ја искористија можноста да се приклучат на полициската организација во голем дел не ги исполнуваат критериумите за влез. Значи, етничките и политичките поделби создадоа „наши“ и „ваши“ и „нови“ и високи полициски службеници.[8]

Со предвидените уставни и законски промени, Договорот требаше да го предефинира моделот на држава и да ги промени односите на моќ меѓу мнозинството и малцинствата. Неговата имплицитна цел, е трансформација на општеството од етничка национална држава во граѓанска, мултиетничка држава, но парадоксално развојот на граѓански модел на држава е преку етнички дефинирани мерки, во најголема корист на албанското малцинство.[9] Гледано во ретроспектива, уставниот и политичкиот поредок на Република Македонија во периодот до 2001 година имаше бројни недостатоци. Но, објективно гледано, тој се реализираше во извонредно тешки услови за една мала и слаба држава, среде компликувана регионална и меѓународна констелација. По 2001 година се јавија тези дека токму Уставот бил генератор на воената криза, па дури и дека претставувал *casus belli* (причина за војната). По завршувањето на непријателствата и по потпишувањето

---

[8] Рајковчевски Р.,Импликациите на Охридскиот Рамковен Договор за работата на полицијата: Десет години по потпишувањето, Политичка мисла- Година 9, број 34, Скопје, 2011 година, стр 84

[9] Богевска- Малинка К., Од етничка разновидност до етничка еднаквост: Улогата на Охридскиот Рамковен Договор во интеграцијата на етничките заедници, Политичка мисла, година 9, број 34, Скопје, 2011 година, стр 41

Дипломатската интервенција ја водеа ЕУ и ОБСЕ, но не се разликуваа значително од реториката на НАТО против насилството и на крајот за поддршка на политичко решение. Она што се издвојува за дипломатијата на овие организации е фактот што може да се опише како превентивно. НАТО не само што ги гледа нивните постапки на овој начин, тие веруваат во она што го направија Македонија требаше да спречи „бунт на ниско ниво да се претвори во целосна граѓанска војна" особено во врска со условувањето на ЕУ за пристапување како „стратегија за договарање на засилување со награда."[78] Додека "морковот" од пристапувањето во ЕУ беше атрактивен за македонската елита, ова не одговара на реториката на НАТО, САД или ЕУ за време на кризата во 2001 година. Овие надворешни сили беа фокусирани на запирање на насилството во земјата, а особено беа свесни за опасноста за конфликтот во Македонија да стане „балкански".[79]

И Би-Би-Си и Аника Бјоркдал ја наведоа интервенцијата на ЕУ во Македонија како „поле за тестирање" на надворешната или одбранбената политика на Европа.[80] Бјоркдал поважно објаснува динамиката на ЕУ како креатор на норми и Македонија како носител на норми, но нејзината анализа е празна. Секое повикување на ЕУ како наметнувач на поделба на власта подразбира дека дипломатската политика против насилство не е споредлива со активно имплементирање, воспоставување или наметнување на специфичен систем на управување како што е поделбата на моќта или консоцијална демократија. Иако ова е

---

[76] Savkovic, Marko. "What lessons can be learned from the negotiation process leading to the Ohrid Framework Agreement?" in Risteska, Marja and Židas Daskalovski (eds.), A decade after the Ohrid Agreement: Lessons (to be) Learned from the Macedonian Experience, Skopje: Center for research and policy making, (2011): p. 210-212.

[77] Jeff Moore, Did the US and the EU impose 2001 power-sharing in Macedonia?, 2015, p. 11

[78] Schimelfennig and Sedelmaier (2004), cited in Katsarska, Simonida, and Gorica Atanasova. "The role of External actors in building civil society: The case of the Republic of Macedonia". CEU Political Science Journal, Vol. 4, no. 1, (2009): p. 122.

[79] Lays, Mark. "White Hall Papers: Foreword." Royal United Services Institute, 68:1, (2007): p. 7.

[80] Bjorkdahl, Annika. "Creator of Norms and Bearer of Norms: Researching the Normative Influence of the EU in Macedonia". European Foreign Affairs Review, 10, (2005): p. 257.
Lunescu, Oana. "First EU military mission ends". BBC News, Europe, (15 December 2003).

очигледно, важно е да се нагласи позитивно влијание на надворешните актери. САД, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и други, како и недостатокот на негативните влијанија од соседна Албанија, сето тоа значително придонесе за мирен решавање на конфликтот од 2001 година. Сепак, дипломатските консултации, употребата на пристапување во ЕУ како „морков“, а откажувањето од насилството не значи наметнување на поделба на власта.[81]

Тогаш не е тајна дека ниту ЕУ ниту НАТО немаат идејно решение не само за Македонија, туку и за сите понатамошни интервенции, иако нивните заложби се примени со позитивни ноти особено од албанските политичари и граѓани. Македонските политички структури истотака гледаат позитивно на овие меѓународни актери.

Истите меѓународни сили низ годините после конфликтот се јавуваат како чувари на мирот и “верни“ партнери кои ветуваат проширување и инкорпорирање на државата како рамноправна членка. Од друга страна пак, истите тие оценуваат дека поради корупцијата, нарушените меѓуетнички односи, земјата не е спремна за членство.

Затоа и прашањето или тезата за „Парадоксот на Македонија во градењето на мирот: Дали е објект или актер?“[82] е брилијантно.

## 3.2 Идеи за заеднички живот во Македонија

### 3.2.3 Модерните идеи

Во поново време, и особено после 2001 година, се пројавува еден бран на нови идеи за заеднички соживот. Невладини организации како и во другите земји во развој имаат свој бум баш со таа цел. Иако дел се насочени кон маргинализирани групи како ЛБГТ, дел од невладините имаат за цел да го проучат конфликтот и да го доведат населението на иста

[81] Jeff Moore, Did the US and the EU impose 2001 power-sharing in Macedonia?, 2015, p. 12

[82] Vankovska B., Mitic A., Ilievski Z., Wolff S. and Atanasov P., From Independence to Ohrid Framework Agreement and After: Macedonian Conflict Management Experience, Crossroads - The Macedonian Foreign Policy Journal, January-August 2011, pg 5

маса за разговор. Од една страна овие идеи се странски, доаѓаат однадвор особено во нивното финансирање, но иницијативата е пред се домашна. "Мировна Акција" е една од невладините организации која одржува состаноци, истражувања, интервјуа како би можела да ја комплетира сликата за 2001 година. Нивните заложби се со цел да се прекине омразата која младите често ја чувствуваат и предизвикува насилство. Нивните теми на разговор се: соочување со минатото, Рамковниот договор, како 2001 година го променила животот на секој поединец и слично.

За жал, невладините организации можат да остварат еден лимитиран импакт врз општеството. Оние што треба да бидат многу поангажирани во овој процес, во овие нови идеи за заеднички соживот се пред се граѓаните, политичките партии, владата, парламентот. Спротивното е вистинито. На партиските митинзи се разгорува национализмот, не се сакнционираат навредливи скандирања, ниту пак насилни изливи. Тогаш, се поставува прашањето, од каде поточно треба да дојдат идеите за соживот? Кој може да биде доволно влијателен за народот да престане да гледа низ призмата на етничката припадност и да го оцени како лошо она што е лошо, и како добро она што е добро?

Можеби како задолжителен предмет во училиштата треба да биде поставен, "Мултиетничко општество", можеби треба да ги изучуваме примерите на земји кои успешно се справиле или пак успешно се справуваат со овој вид на конфликти и ситуации. Најсигурно е дека ние самите треба да станеме пример за успешно пребродување на препреките и предизвиците за постконфликтниот мир. За такво нешто се залага организацијата ЛОЈА која работи доста активно на меѓу етнички предмети во училиштата и универзитетите. Координаторот на ЛОЈА за овој проект, Срѓан Видоески, е ентузијаст за резултатите:

„Многу е трогателно да се гледаат млади луѓе од различно етничко потекло како комуницираат, и навистина е возбудливо да се доживее оваа размена на култури и подготвеноста да се учи еден од друг". Видоески признава дека процесот на интеграција не тече секогаш без проблеми. Некои училиштата би можеле „само да спроведат какви било стари мерки за да се заврши и заврши". Со време, сепак, се повеќе наставници стануваат

убедени во придобивките од меѓуетничка интеграција, а тоа треба да помогне во одржливоста на проектот.[83] Целите на нивниот проект се наведени низ следнава табела[84]:

| | |
|---|---|
| ИНДИВИДУАЛНА/ЛИЧНА ПРОМЕНА – СТРАТЕГИИ ЗА ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ<br>• Изведување театарски претстави за чувствителни прашања за деца во бегалски кампови<br>• Организирање активности за слободното време за млади од различно етничко потекло<br>• Организирање уметнички настани кои носат луѓе од различно етничко потекло заедно<br>• Нудење капацитети за уметници и нивен развој како и запознавање со меѓуетничката филозофија на ЛОЈА, случајно или насочено<br>• Продолжување со активности за подигање свеста на луѓето за прашањата во нивните заедници | ИНДИВИДУАЛНА/ЛИЧНА ПРОМЕНА – СТРАТЕГИИ ЗА КЛУЧНИ ЛУЃЕ<br>• Вклучување на официјални и неофицијални младински лидери во слободно време<br>• Целни работилници за младински лидери/мултипликатори за меѓуетнички односи и трансформација на конфликти<br>• Заинтересираност на едукаторите за работата на ЛОЈА за да ги поттикнат своите ученици да се приклучат кон активностите<br>• Целни работилници за идните наставници чии лични ставови ќе бидат клучни во образованието на идните генерации (ова е поврзано со општествено-политичко ниво) |
| СОЦИО-ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ – СТРАТЕГИИ ЗА ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ<br>• Заинтересираност на се повеќе наставници и универзитетски предавачи за меѓуетничка младинска работа<br>• Заинтересираност на се повеќе студенти од образовните науки за овој специјален курс<br>• Мобилизирање на граѓаните да лобираат за општествено-политички промени, на пр. во однос на загадувањето, правата на децата, интеграцијата на инвалидните лица | СОЦИО-ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ – СТРАТЕГИИ ЗА КЛУЧНИ ЛУЃЕ<br>• Работа со врвни универзитетски авторитети со цел да се воведат курсеви за меѓуетничка младинска работа во наставната програма за идниниte наставници<br>• Сеопфатно да се работи со образовните власти со цел да се добие мултиетничка младина работа закотвена во училиштата и универзитетите низ целата земја<br>• Да се биде клучен член на RYCO, Регионалната канцеларија за младинска соработка на Западот Балканот |

[83] Teaching for Peace- Guiding Young People to Ethnic Reconciliation in Macedonia, KURVE Wustrow- Centre for Training and Networking in Nonviolent Action, 2016, pg 36-37
[84] Исто, стр 32

## 3.3 Членството во ЕУ како заедничка цел или уцена

Зближувањето на земјите во рамките на безбедносните иницијативи требаше да даде одговор на наталожените безбедносни проблеми во матичните општества. Бидејќи се работеше за повеќе или помалку исти тешкотии со кои се соочуваа земјите кон крајот на минатиот век, тие лесно најдоа заеднички јазик. Така, како најкритични и доминантни проблеми во регионот, во периодот на започнувањето на иницијативите, би ги идентификувале кревките демократски институции, катастрофалната економска состојба и сиромаштијата, корупцијата и организираниот криминал. Со транзициските процеси се надоврзаа и предизвиците поврзани со развој на капацитетот за управување со државата и процесите поврзани со евро и евро-атлантските интеграции.[85]

Македонија од својата независност до сега, се залага за евро-атлански интеграции. Во последните години, ова залагање е по секоја цена. Токму овој пристап се појавува како огромен предизвик кон постконфликтното помирување. Низата говори на македонските и албанските политичари во присуство на европски делегати или пак во нивно исчекување се во најмала рака контроверзни. Инсистираат дека имаме црвени линии и дека членството во ЕУ нема да дојде по секоја цена, но нивните акции го покажуваат спротивното.

Албанскиот премиер Еди Рама во 2017 година ни навести нешто слично. Во интервју за швајцарскиот весник „Tages-Anzeiger“ не само што го користи зборот “Славомакедонци“, туку и навестува проблеми, тензии и промена на граници на Балканот. Тој во интервјуто оценува дека „политичката температура“ на Балканот значително

[85] Рајковчевски Р.,Современиот идентитет на западниот Балкан трансформиран во активна регионална безбедносна соработка Година 8, број 31, Скопје, 2010 година, стр 84-85

пораснала. Според него, граѓаните и политичките елити на Балканот ќе останат мирни се додека не ја загубат вербата во членството во Европската унија.

– Границите ќе бидат доведени во опасност, доколку ЕУ седи со скрстени раце и на тој начин им го препушти регионот на Русите, вели Рама во интервју за швајцарскиот весник „Тагесанцајгер". Проследено со: "Ситуацијата во Македонија би можела да излезе од контрола бидејќи лидерот на втората најголема политичка партија одбива да го даде мандатот за формирање влада во која би учествувале партиите на локалните Албанци.

Во истото интерјву на прашањето околу мешање во внатрешните работи на друга држава, негира дека Албанија има некаква улога и дека се почитувал отсекогаш идентитетот и јазикот на државата.

Еди Рама го потенцира заложништвото на државите од Балканот како нешто нормално, и како нешто што ја засега ЕУ повеќе од самите држави. Очекувано за политичари кои му се верни на "западот" ја користи Русија како закана и можни конфликти. Се соочуваме и со една изјава на верба во членството во ЕУ како спас за балканските држави, нешто што ги оддржува политичките елити мирни. Доколку Албанија преку Еди Рама има таква поразителна самовизија, тогаш останатите држави во балканот не мора да го следат неговиот пример.

Министерството за надворешни работи е предводено од ДУИ кои лојалноста ја должат прво на самата партија, потоа на Албанците и дури на крај на државата и останатите граѓани. Министерот Бујар Османи сигурно но размислил двапати пред јавно да изјави дека : "Не смееме да негуваме чувства на гнев кон другите, немаме проблеми такви за да ги мразиме другите, не можеме да не ги внесеме Бугарите во Уставот, 3.000 се колку се толку се, сите тие ги имаат истите права и привилегии. Овој е добар предлог, кој ни го отвора патот да го фатиме возот кон ЕУ. Ако не почнеме, Албанија ќе почне со преговори, Бугарија ќе оди на избори, ова прашање ќе заглави, ние ќе влегуваме во кризи, ќе бегаат луѓето од овде. Ако кажеме не, ако Албанија ги почне преговорите, верувајте илјадници ќе заминат од државата, ќе почнат тензии меѓуетнички, ќе ја имаме најголемата криза со храна и енергија"[86]

[86] А1Он, Османи: Лага е дека има фуснота за јазикот, ако не прифатиме илјадници ќе си заминат, ќе има меѓуетнички тензии, 2022 година, https://a1on.mk/macedonia/video-osmani-laga-e-deka-ima-fusnota-za-jazikot-ako-ne-prifatime-iljadnici-kje-zaminat-kje-ima-megjuetnichki-tenzii/

Ако ја разгледаме и проучиме оваа изјава, може да донесеме критички мислења и толкувања. Најпрвин, Министерот Османи не повикува да не гаиме чувство на гнев кон другите, но во ред е да се гаат чувства на гнев и омраза кон Македонците? Кон Албанците? Нашето двориште не е расчистено од омраза за да зборим е за омраза надвор од нашите граници. И како тоа ние гаиме омраза, а другите сеат сплотувачки пораки за евроинтеграции и европско граѓанство? Потоа, министерот вели дека ако кажеме “не“ ќе почнат меѓуетнички тензии и дека илјадници ќе ја напуштат државата. Во последните десетина години десетици илјади ја напуштија државата за кој не се загриживме, кои се само статистички податок, но сега кога се поврзуваат со членството во ЕУ, илјадници кои би ја напуштиле државата би претставувале проблем? Илјадници ќе ја напуштат државата безразлика на исходот, но особено доколку членството во ЕУ е поврзано со поразителен договор со Бугарија.

Од друга страна пак, министерот ни наговестува меѓуетнички тензии доколку кажеме не. Тогаш не станува збор за одлука која треба да ја донесеме, туку услов и уцена. Со оглед на тоа што министерот е Албанец, ова некои медиуми го толкуваа како закана. Како да го толкуваат поинаку знаејќи го контекстот од 2001 година? Оваа изјава, со други зборови вели: Вие, Македонците ни стоите на патот на евроинтеграциите. Вашите проблеми со Грција и Бугарија треба да бидат разрешени во полза на Албанците и доколку тоа не се случи, како малцинство сме обврзани да протесираме против прекршување на нашите права, исто како што беше во 2001 година. Мирот е кревок и е оддржуван од неумешни актери кои го посакуваат но не знаат да го ценат.

Никола Димитров нема доверба во шефот на дипломатијата Бујар Османи за преговорите со Бугарија, па јавно кажа дека „за да ме замолчат ми нудеа амбасадорска позиција во САД“

Големо несогласување и тешки расправии имало во владата за преговорите со Бугарија, истакна денеска на заминување вицепремиерот за евро-интеграции Никола Димитров кој најави дека и во иднина ќе биде пречка за лош договор со Бугарија. Димитров тврди дека во владата биле подготвени на концесија со Бугарија за прашања кои веќе се затворени без никаква контра отстапка, јавува новинарката на Телма Тамара Грнчаровска.

- Да, немам целосна доверба во министерот за надворешни работи во однос на прашањето со Бугарија, со оглед на моето искуство на интерните координации, средбите во Брисел. Имам чувство дека таму има ‘драјв’ за успех по секоја цена, што мислам дека е опасен и не продуктивен. Можеби грешам и се надевам дека грешам, одговори Никола Димитров, на новинарско прашање.

Според Димитров, министерот Османи сакал успех по секоја цена да се реши прашањето со Бугарија. Димитров додаде: „Прашањето е поважно од Владата, од оваа, од следната, од сите“.Тој истакна и дека неговите ставови околу преговорите со Бугарија, кои како што вели, во многу наврати биле спротивни на неговите владини колеги, биле причина зошто тој не се најде во новиот владин состав. Посочи дека македонскиот јазик е интимна работа и е наш, а државата е независна, па затоа, право и должност е достоинството да се зачува.

Оттаму, каде попрво да се упати македонската јавност за расчистување на овие проблеми и предизвици. Не само што граѓаните се соочени со вакви изјави, туку самите изјави провоцираат одговори дали од граѓаните или пак од други политичари како што може да видиме. Недовербата во политичките партнери, недовербата поради етничката припадност на сегашниот министер за надворешни работи дали заснована или не, е одраз на недовербата на граѓаните кон своите сограѓани од различна националност или етничка припадност.

Пред да почнат да вреват и уценуваат, буквално сите балкански лидери треба да си погледнат прво во својот двор и стопати да си ја повторат изјавата на Черчил за балканската хиперпродукција на историјата.

Станува збор за последниот нож в грб од Бугарија. Таа е наша соседна држава со која го потпишавме долгоочекуваниот договор за пријателство, наш сосед што влезе во ЕУ (2007-та) низ иглени уши. Сѐ уште е една од најпроблематичните држави во ЕУ поради корупцијата и организираниот криминал, судството, проблематичното ниво на човекови права и слободи. Сега, таа иста земја, Бугарија, поставува услови на нашиот пат кон таа иста

ЕУ. Зошто? За вредностите, за човековите права, демократијата, владеењето на правото, реформите, медиумите? Не! Заради историјата. А бе, ајде! Сериозно?[87]

Дури и еден прогресивен новинар како Џ. Дерала видно го осудува бугарското вмешување и наметнување услови, иако не споменува ништо околу таквото уценување од страна на Грција пред неколку години. Всушност, иако навидум овие уцени испровоцирале реакција, се додека целта е Европски интеграции, мора да се најде начин.

Ова е крајно време балканските држави да ангажираат млади и прогресивни научници кои ќе создадат една заедничка историја. Научниците, не говорам за онаа пијана кафанска булумента, можат да ја согледаат и претстават гротескатa на преземањето и неодговорното злоупотребување и политизирање на историјата. Да им дадат шанса на модерните политичари какви што имаме среќа да се појават во ова време. Со тоа ќе им зададат сериозен удар на валканите, криминални умови во политиката и ќе ги остават без нивниот крвав меч. И ќе му дадат простор на нормалниот, европски граѓанин да учи од грешките на минатото и да гради поубава сегашност и иднина. Неоптоварена иднина. Европска.[88]

Тука е каде ја наоѓаме оваа поразителна, се во едно тактика на новите прогресивни научници, политичари или како Џ. Дерала- новинари. Точно е дека се потребни нови струи, нови политичари, но не може да создаваат историја, особено не Европска доколку пред се не се соочат со онаа историја која ја преживеале народите како македонскиот.

Пристапот би требало да биде многу поцврст и порешителен, како и реален со алтернативи кои не би требало да претставуваат проблем за албанското или било кое друго малцинство во државата. Ранливата меѓународна позиција на Македонија потхранува илузии за „ребугаризација“, за елиминирање или барем парализирање на македонската нација како фактор на Балканот и истото наоѓа израз во жестокоста на нападите и оспорувањето на кое сме сведоци и денес. Одделувањето на историјата од националната

[87] Дерала Џ., Соочување со минатото и сегашноста, ЦИВИЛ Медиа, Скопје, 2019 година https://civilmedia.mk/soochuvane-so-minatoto-i-segashnosta/
[88] Исто.

политика во овие дебати често е невозможно. Да се надеваме дека зацврстувањето на суверенитетот на Р. Македонија на меѓународен план, ќе доведе до слабеење на таквите илузии и како резултат – до деполитизација на минатото и до еманципирање на историчарите, од соодветните национални политики.[89]

[89] Стојков С., Планирање на минатото- сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика, УКИМ- ФЗФ, Скопје, 2017 година, стр 39

# Глава 4

## 4.1 Младината и нивното видување

Судејќи по бројните мурали во Босна и Херцеговина, односно во ентитетот Република Српска, кои се посветени на Младиќ – кој е правосилно осуден на доживотен затвор во Хаг за геноцидот во Сребреница, прогони на Бошњаците и Хрватите, тероризирање на граѓаните на Сараево и земање припадници на УНПРОФОР како заложници - очигледно е дека тоа не се зборувало доволно јасно и гласно, ниту пак имало соочување со минатото. Има неколку градови и општини во Босна и Херцеговина каде е оддадена почест на муралот - Градишка, Фоча, Калиновик, Невесиње, Гацко... Во ниту едно од овие места не гледаат што е спорно во тоа што на муралот доминира ликот на Младиќ, главно како отпоздравува во воена униформа и со соодветна порака, најчесто порака за благодарност упатена до неговата мајка.[90]

Овие мурали, или пак споменици не се реткост ни во Македонија. Припадници на УЧК, мапи и знамиња на голема Албанија, графити со порака „Смрт за Шиптари“ и слично доминираат низ населените места. Младите се оние кои најенергично се вклучени во овие “уметнички дела“, и слично како и во Босна, не гледаат ништо спорно што се величаат такви ликови и пораки.

Освен што се моќно средство за комуникација, тие можат да бидат и предмет на манипулации, па и пропаганда, подигање тензии и продлабочување на недоразбирањата, што е многу забележливо во случајот со Босна и Херцеговина. Кога веќе спомениците и спомен-обележјата во Босна и Херцеговина, а на прстите од едната рака можат да се изборојат оние заедничките, посветени на сите жртви без разлика на националната и/или верската припадност, ја обележуваат територијата и претставуваат три гледни точки на

[90] Obrenovic M., Муралите и денес отвораат воени рани и ги продлабочуваат поделбите во БиХ, Respublika, 2020 https://respublica.edu.mk/mk/blog/muralite-i-denes-otvoraat-voeni-rani-i-gi-prodlabocuvaat-podelbite-vo-bih

блиското минато, три истории и три сеќавања - бошњачко, хрватско и српско - барем муралите не би требало да бидат такви.[91]

Генерациите родени по 2001 година за жал не се имуни на предизвиците кои го окружуваат македонското општество. Голема е надежта како и товарот кој го носат. Се очекува од нив успешно да се справат со крвавото минато, но како кога нашето општество не го дозволува тоа. Ниту пак можат да се соочат со минатото, ниту пак им се овозможува да го разберат целосно со оглед на тоа што самите се сведоци на неразрешените случаи дали при враќање на бегалци, бројот на жртви, позитивните страни на Рамковниот договор и неговата интерпретација и имплементација итн.

Насилството кај младите не исчезнува, напротив, се пројавува во поинаква форма. Онлајн закани, организирани пресметки и она што беше доминантно во минатото- напади при завршување на политички митинзи, прослави и слично. Разделени низ општеството, младите често не пројавуваат интерес за запознавање на други етнички групи и се чувствуваат загрозено. Истото е потпомогнато и од државниот терор. Државниот терор е поголемо зло од класичните, недржавни врсти на тероризам, бидејќи наместо државата да пружа безбедност, ред и сигурност врз своите граѓани, таа спроведува терор врз нив. Државата кога дејствува таа го прави тоа сосема во тајност и за разлика од недржавните елементи, таа не ги признава своите дела и не ја превзема одговорноста за нив.[92] Тука не станува збор за терор од некоја тоталитарна власт или авторитарен режим, туку напротив, од немоќта, неспособноста и немањето политичка волја, младите и всушност сите граѓани се подложени на овој вид терор.

Сепак младите и државата прават напори за да се изградат мостови кои би ги довеле страните во контакт а еден таков случај е преку програмите за помош на младите претприемачи. Со оглед на тоа што една од главните причини поради која младите ја напуштаат Македонија е финансиската состојба, помошта која ја добиваат младите да започнат свои бизниси треба да биде доволно голема за да ги задржи дома. Младите од етничките заедници кои не се мнозинство и се вработуваат во јавниот сектор се смета како

---

[91] Obrenovic M., Муралите и денес отвораат воени рани и ги продлабочуваат поделбите во БиХ, Respublika, 2020 https://respublica.edu.mk/mk/blog/muralite-i-denes-otvoraat-voeni-rani-i-gi-prodlabocuvaat-podelbite-vo-bih
[92] Чековиќ Т., Карактеристики и концептот на државниот тероризам, Скопје, 2018 година, стр 13

негативен момент во општеството и треба да се надмине за истите да не се чувствуваат дека работата им е подарена врз база на етничка припадност. Оттаму, иницијативата за сопствени бизнис идеи претставува можност младите да се видат себеси во оваа држава. Позитивните страни на ваквите проекти го поттикнуваат и меѓуетничкото општење. Па така, според „мултиетничката истражувачка студија за младинско претприемништво" Од анкетираните млади претприемачи, 61,2 проценти изјавиле дека имале соработка со претприемач од друга заедница, а 95 проценти од нив се изразиле позитивно околу ова искуство. На форумот беа презентирани и мерки и добри пракси за промоција на претприемништвото кај немнозинските етнички групи од земјите членки на Европската унија.[93] Можеби тука треба да го бараме и клучот преку кој младите ќе работат на помирување.

Мировните републики организирани од домашни невладини организации- Мировна акција исто така имаат позитивен импакт врз младите. За многумина всушност, овие средби се први вистински запознавања со млади од различни етнички позадини. Фасцилитатори кои навистина се посветиле на расветлување на мрачното минато и негово соочување се оние кои ги водат работилниците и се обидуваат да создадат средина во која младите ќе се чувствуваат безбедно. Овие работилници се одвиваат на македонски и албански јазик, а присуство има и  од останатите заедници- Роми, Бошњаци, Срби и слично. Низ различни активности, учесниците може да се изразат за тоа како конфликтот од 2001 година влијаел и сеуште влијае врз нивното опкружување. Овие мировни републики се одржуваат неколку пати годишно и по нивното завршување има повторни средби кои дополнително го збогатуваат споделеното искуство. Секој оној кој се чувствува бесен и гневен, поразен, понижен, кој со години ги чувал сите овие негативни емоции, е поттикнат да се регистрира и да учествува.

Дел од младите сепак во недостиг на начини да се справат со овие емоции, се приклучуваат и приближуваат кон политички партии кои им даваат надеж барем за лесно

[93] Мир Фондација, Мултиетничка истражувачка студија за младинско претприемништво, 2016 година, стр. 20-22, https://mir.org.mk/%D0%BC%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7/

вработување, или пак насилни навивачки групи со цел да се поистоветуваат со своите истомисленици и сонародници. Овие две организации, се блиско поврзани и имаат деструктивно влијание врз младите. Започнува со изгубени и запоставени млади кои негуваат насилна нишка која навивачките групи лесно ја злоупотребуваат. Омразата се негува на големо, преку пароли, песни, скандирање како и насилни конфронтации со цивилно население од спротивна националност. Не еднаш сме биле сведоци на скандирање од типот "За шиптари гасна комора", "Чиста Македонија" и слично. Во овие пресметки, кои најчесто се случуваат во градови каде што има македонски и албански клубови, неретко има многумина уапсени, повредени и слично.

Јавноста сигурно го памети и случајот на Никола Саздовски кој како член на навивачката група Комити беше следен и претепан од припадници на навивачката група Шверцери. После десет  дневната борба за живот, Никола Саздовски почина од повредите. Од каде толку гнев кај тие млади момчиња кои беа набрзо лишени од слобода? Зарем физичкиот напад не е доволен да се воспостави она што го посакуваат? Доминација и моќ? Немањето на граница при овие насилства ни навестува зло кое не е површно, туку длабоко вкоренето во младите.

Инцидентот кај скопското Кале од 2011 година ја потврдува и вмешаноста на политичките партии, невладините организации врз навивачките групи и младите. Припадници од навивачката група Комити, за овој настан велат дека биле мотивирани од националната свест, патриотизмот и одбраната на македонските и христијанските вредности, па се појавиле да протестираат откако дознале дека изградбата на објектот, музеј-црква, бил разрушен од Албанци. Во исто време албанска група, наводно од невладината организација "Разбуди се", се појавила на калето и тука настанале проблемите за полицијата и за сите присутни. Навивачката група Комити, видно во помал број, била притисната не само од полицијата, туку и од Албанците, па со големи маки и неколкумина повредени морала да се повлече.[94] Македонската јавност, треба да верува дека ова е изолиран инцидент? Дека ова не е продолжение на потиснатиот гнев кој многумина го чуваат од 2001 година? Овие млади луѓе, веруваат дека не биле изманипулирани од

[94] Трпковски Гоце, Наместо за историјата, Калето сведочи за „битката" од 2011 година, Призма, 2021 година, https://prizma.mk/namesto-za-istorijata-kaleto-svedochi-za-bitkata-od-2011-godina/

политичките партии, но самите политички партии ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ иако го осудиле овој настан, профитирале од истиот, и несомнено се вмешани во неговото зачнување и разрешување или неразрешување.

“Случајот“ околу Омер Буњаку е исто така вреден за споменување, бидејќи истиот одекна екстремно негативно на социјалните мрежи. Омер Буњаку беше водачот на навивачката група Шверцери од Чаир и спортскиот директор на фудбалскиот клуб Шкупи, и како таков се истакнал доволно да го придобие вниманието на вицепремиерот Артан Груби, кој во 2020 година го назначил за негов советник за млади и спорт. Артан Груби самиот бил дел од навивачката група од нејзиното зачнување и очигледно од членството доаѓаат и неговите миленици. Проблемот со ова назначување на владин советник е тоа што Омер Буњаку има долга историја на прекршоци и никаков историјал или искуство со млади и спорт освен ширење омраза и насилство.. Во 2011 година учествувал и во тепачките на Кале за изградба на црквата-музеј. Не само што учествувал, туку тогашниот заменик-министер за полиција, Џевад Бучи, привремено го ослободи, кога пред телевизиските камери му ги извади лисиците. Во 2014 година Кривичниот суд го осудил Буњаку на казна затвор од една година. Со пресудата тој бил осуден за учество во инцидентот што се случи во барот „Њу Орлеанс“ во скопската чаршија, кога беа искршени стаклата и опремата на диџејот, наводно поради тоа што се пуштала македонска музика.[95] Очигледно ништо од досието на Омер не ја одвратила намерата на Артан да го повика за советник. Македонската јавност, и пред се македоските млади особено во Скопје, добро се запознаени со овој лик и за нив беше тешко да ја разберат оваа одлука. Всушност целата држава треба да биде загрижена при вакви одлуки. Сторијата не запира тука, напротив, ова минато кое го краси Буњаку беше лесно злоупотребено од лажната вест дека бил одговорен за билетите и навивачите кои ќе заминат да ја бодрат репрезентацијата на Македонија во Букурешт на мечевите против Австрија и Украина за време на европското првенство во 2020 година. Лавината од негативни коментари, полни со омраза кон Буњаку, кон ФФМ и слично само ни покажа дека насилството тлее и бара простор да се излие.[96]

---

[95] Маглешов Васко, Предводник на „Шверцери“ и пејач го советуваат вицепремиерот Груби, Призма, 2020 година, https://prizma.mk/predvodnik-na-shvertseri-i-pejach-go-sovetuvaat-vitsepremierot-grubi/

[96] Спортмедиа, Омер Буњаку: Немам никаква врска со билетите за ЕП, 2021 година, https://sportsport.mk/2021/05/28/%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D1%80-

Потпомогнати од работилници, размени на искуства, "Мировни републики", екскурзии и други едукативни средства, овие информални активности имаат потенцијал да ги насочат младите кон просперитет и мир, како и да се справат со предизвиците на постконфликтното помирување. Младите не го доживуваат овој свет како возрасните, и истите млади бараат многу повеќе од себе и од општеството како не би станале маргинализирани.

## 4.2 Сведоштвата како симбол на надеж

Еден од често игнорираните аспекти при нашето помирување со минатото се сведоштвата на оние кои директно или индиректно биле зафатени со конфликтот од 2001 година. Всушност, ако гледаме пошироко, нема граѓанин во државата кој не бил зафатен на некаков начин. Ако не во периодот одма по конфликтот, сигурно низ годините кои следеа и низ начинот на кој се применува Рамковниот договор, стремежот кон Евро-Атлантските интеграции и останатите политички одлуки кои допринесуваат дополнително за зголемување на проблемите во Македонија. Оттаму, може да ги земеме во предвид и сведоштвата на сите родители чии чеда ја напуштиле државата во потрага по подобар живот, во немоќ да се справат со македонското општество, или пак она во што македонското општество се претвора. Сепак, да бидеме достојни на темата, и да ги истражиме сведоштвата кои не само што треба да се споделат со цел да се запознаеме со болката на оние најтешко кои го пребродуваат конфликтот, туку и да служат како симбол на надеж за сите нас. Најпрвин поради тоа што овие сведоштва имаат позитивна нота, и треба да бидат интерпретирани како такви, и потоа поради контекстот, информациите и задачите кои овие сведоштва ни ги оставаат во наши раце. Зар не мислиме дека овие луѓе се изјасниле со цел да се расчистат настаните? Зар не веруваме дека нивните интервјуа се крик за помош? Она што е нужно да запомниме е дека низ лекиите на оние кои храбро го споделиле своето минато, своите соништа, стравови и илузии, ние можеме да научиме доволно за да го

%D0%B1%D1%83%D1%9A%D0%B0%D0%BA%D1%83-%D0%BD%D0%B5%D0%BC%D0%B0%D0%BC-%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%B1%D0%B8%D0%BB/

сториме истото и многу повеќе. Како би изгледало нашето општество доколку сите граѓани би биле волни да се соочат со демонот од 2001 година? Какво би било нашето општество доколку сите граѓани активно се заложат да ги надминат предизвиците кон постконфликтното градење на мирот, безразлика на заложбата или не на политичарите? Еден пример е документарната серија “Достоинство“. Припадниците на АРМ безрезервно ни споделуваат како тие ја доживеале 2001 година и како се менува животот потоа. Потребно е да се слушне и другата страна.

Искуствата од светот ни велат дека усната историја може да биде моќна алатка за промоција на мирот особено кога ќе се примени во контекстот на соочување со минатото. Во овој случај, изразот „соочување со минатото“ е разбран како обид на општеството да се справи со наследството на нарушување на човековите права, војна, насилен конфликт и авторитарно владеење. Луѓето можат да станат свесни дека нивните искуства и нивното мислење се важни, и дека во многу случаи се слични со оние на други луѓе, кои исто така не биле слушнати. Ако се споделат со јавноста, нивните наративи може да бидат препознаени, признаени и позитивно да влијаат на промените. Во идеален случај, овој пристап може да ги поттикне приврзаниците на навидум различни страни да сфатат дека страдањето и одговорноста се споделени кај сите. Ова се круцијални чекори кон градењето доверба и мир во едно пост-конфликтно општество какво што постои во Македонија или каде било на Балканот или во светот.[97]

## 4.3 Сведоштва од други националности

Дополнителен извор кој би можел да биде користен како градежен материјал на мостови помеѓу различните националности во државата се и сведоштвата на граѓани кои не се припадници на македонската или албанската заедница. Нивните мислења и како тие го доживеале конфликтот, постконфликтното помирување, како гледаат на двете најголеми етнички групи, како и нивната визија за иднината во државата се скапоцени и непроценливи за склопување на целосната сложувалка, за градење на мирот. Еден од подобрите примери

[97] Навраќање кон 2001, Форум цивилен мировен сервис, Скопје, 2020 година, стр 11

ни го дава книгата “Извини, ама ти си од погрешна националност“. Низ серија од сведоштва се запознаваме со перцепцијата на цивили кои живееле во средина каде што биле присутни и Албанци и Македонци.

### 4.3.1 Интервјуа

Првиот случај е Ром кој исто така бил бранител за време на 2001 година. Ова е дел од неговата животна приказна.

*АК: Така. Дали мислиш дека сето тоа можеше да биде поинаку? Тоа барање на права?*

*НН: Можеби и можеше, можеби и требаше, меѓутоа тоа е. Мислам дека за да се сменеше тогашната ситуација не верувам ниту Европа, ниту НАТО дека можеше да... да делува поинаку. А за нас Ромите ќе си земам овде за право да... да кажам дека ние сме никој и ништо. Ние постоиме ради остварување на нечии права. Било која страна да ја одберевме, секогаш сме осудени и од едните и од другите. Тоа е моето мислење.*

*АК: Добро, тогаш да преминеме на последниот дел,односно за животот после 2001. Дали нешто доби или изгуби со конфликтот?*

*НН: Што се однесува до овој трет дел на вашата анкета, на вашето прашање, би можел и самиот да... да напишам една книга и се двоумам дали да почнам или не. Дека некој нешто добил, многу се лаже ако мисли дека добил парични средства, парични надоместоци или нешто. Јас лично за себе ќе зборувам, изгубив многу. Што изгубив? Ги изгубив сите пријатели Албанци што ги имав до 2001 година.*

*АК: Дали твоите пријатели Албанци знаеја дека беше на страната на бранителите?*

*НН: И ден денешен постојат луѓе пријатели Албанци што сум ги имал што некогаш се наоѓаат во таква ситуација да ми дофрлат за тоа дека сум бил бранител на Република Македонија.*

*АК: Кажи ми како го гледаш соживотот сега?*

*НН: Соживотот сега за среќа се подобрува. Време… времето го прави своето и полека, полека ги залечува раните кај тие што биле искрени и поштени. Времето полека нѐ враќа во нормала.*[98]

Времето го прави своето. За некого поспоро делува овој процес, за некого побрзо, но никој не е имун на искрите кои ги ширaт оние кои профитираат од тензии и кризи.

*АК: Така. Што мислиш за Охридскиот Рамковен договор?*

*НН: Со одговарање на ова прашање би кажал многу вистински работи за сето тоа што се случува после таа 2001 година. Охридскиот Рамковен договор е еден убав договор по мое мислење за остварување на правата на Албанците од Република Македонија. Меѓутоа во склоп на Ромите можам да кажам само еден единствен пример. Со една група мои сограѓани Роми отидовме кај градоначалникот на општина Гостивар за да побараме во име на... на ромската заедница, односно популација во Гостивар, да побараме неколку вработувања. Само што нѐ прими градоначалникот „Ај добар ден." –„Добар ден." –„Што е работата?"– „А бе господине градоначалниче, со Рамковниот договор, ако може некое вработување?" Знаете што ни одговори?*

*АК: Што?*

*НН: „Рамковниот договор е за нас, за Албанците. А ако сакате друг Рамковен договор,земите пушка и ќе си се изборите за [тоа]."*

*АК: Ова звучи интересно. И како вие постапивте?*

*НН: А како може? Се свртивме како... не би нашол соодветен израз. Ја напуштивме канцеларијата и оттогаш можеби со овој одговор, со овој гест на градоначалникот, Ромите од Гостивар си се вратија во реалноста, во стварната слика на денешниот живот…*[99]

---

[98] Мировна Акција, Извини ама ти си од погрешна националност, 2014 година, стр. 58-62
[99] Исто, стр. 62

Проблемот не е во фактот што овој ромски граѓанин и бранител не добил работа, туку изјавата на градоначалникот во тоа време. Зар еден работоспособен човек да добие работно место треба да војува? Начинот на кој овој градоначалник се изјаснил е деградирачки кон неговите сограѓани.

Оваа личност е Бошњак, исто така, бранител во 2001 година.

*ЗГ: Дали мислеше дека ова требаше да се случи, или можеше да се случи, дали се осеќаше?*

*НН: Да, претпоставував дека ќе се случи ваква работа, претпоставував дека ќе се случи ваква работа зашто и една и друга страна некако... као они бараат, а овие се прават глуви на тоа, дефинитивно беше дека на Албанцитему како најголем етникум,еден од најголемите етникуми во Македонија требаше да им се оствари право на образование на мајчин јазик, но по мое мислење не мораше да дојде до ова, можеа некои други радикални средства да приредеа, но волку? Не!*

*ЗГ: Кажи ми за времето на 2001, како ти ја доживеа 2001?*

*НН: 2001 ... многу ружно, бев директен учесник како член на одбранбените сили на Република Македонија, многу ружно, многу ружно, многу ружно.*

*ЗГ: ...секој посебно.Што мислиш ти, зошто ни се случи 2001?*

*НН: Зошто бевме глупи, дефинитивно зошто бевме глупи.*

*ЗГ: Дозволивме други да... ни кажат... ?*

*НН: ...дозволивме други да ни диригираат. Македонија од секогаш беше таква и таква ќе си остане. Не требаше, требаше само малце една страна да попушти, и да биде сè ок.*

*ЗГ: Која страна? Што мислиш?*

*НН: Уствари не една, требаше двете страни да попуштат, едни со барањата, едни со понудата, да се најде златна средина…*

*ЗГ: За све треба двајца, така?*

*НН: Да. ... да се најде златна средина, и немаше да има толку жртви, уствари жртви ќе имаше затоа што некаде пари треба да се трошат.*[100]

Овој бранител е доста непристрасен, можеби поради неговата национална припадност, но сепак од негова гледна точка соопштува дека она што се случи во 2001 година можело да се избегне. За жал, не се избегна, не може да го промениме тоа, но ниту пак се поставуваше праведно во годините по конфликтот.

*ЗГ: ...со тие зборови?*

*НН: Да. Буквално тие зборови„Не ни требаш, не ни требаш више, ако ни требаш ќе ти се јавиме па ќе те викнеме пак, раздужи го оружјето доле.“И кога отидов во МВР, не знам – барака 8 ли беше или така нешто, кога ми кажа еден од старешините, нема... не би сакал да го именам по име, но ќе го именувам по чин: полковник. Кога го прашав: „Зошто ова, што бидна со тоа што ми рековте – решение?“ со едни зборови, со едни зборови ми ги... со прости зборови: „Извини, ама ти си за жал погрешна националност.“*[101]

За жал, оние кои не се предвидени во Рамковниот договор добиваат третман на второ или трето класни граѓани.

*ЗГ: Кажи ми кога ти беше најтешко?*

*НН: Кога ми беше најтешко... Мене ми беше најтешко тогаш кога ја слушав музиката од Скопје.*

*ЗГ: Да?*

*НН: Да.*

*ЗГ: Се почувствува...*

---

[100] Мировна Акција, Извини, ама ти си од погрешна националност, 2014 година, стр. 192
[101] Исто, стр. 212

*НН: Седам, темно Арачиново, бележам пикети и слушам музика од Скопје, а знам дека утре кога ќе отидам у Скопје, кога ќе нѐ видат у униформа у парк ќе речат: „напред, браво, испотепајте ги, спотепајте ги!" а уствари они ќе се журкаат, ќе си пијат пиво, ќе си уживаат додека ваму се гине.*[102]

Во последните мисли, оваа личност одлично ја доловува сликата на македонското општество, не само за време на 2001 година туку и по неа. Додека едни се борат за живот, и не знаат што би ги очекувало утре, други пеат, пијат и уживаат. Народот е оној што е во ровови, а политичарите уживаат без да бидат прозвани или опоменати за нивните привилегии. Исто така, вредно е да се напомене дека дел од населението, особено оние што не го доживеале пеколот на војната, посакуваат "второ полувреме", но ни самите не се свесни што би значело тоа.

# 4.4 Сведоштва од раселени лица

## 4.4.1 Внатрешно раселени лица

За внатрешно раселени лица ги сметаме сите оние кои по 2001 година биле раселени низ различните региони во државата. Тука спаѓаат и сите оние кои иако не живееле во подрачјата каде што воените дејствија најсилно се осетиле, туку и сите оние кои се преселиле поради нарушените меѓуетнички односи. Оваа втора категорија честопати ја занемаруваме, а лесно се забележува нејзиниот пораст низ годините. Статистичките податоци ни навестуваат дека онаму каде што порано имало Македонци како малцинство, сега тоа малцинство е уште помало или пак не постои. Пример за тоа е селото Арачиново. Животните приказни на раселените од 2001 година се присутни но не се доволно потенцирани. Низ серија на интервјуа со интересни прашања, Мировна Акција ја формира книгата „Огништа" и ги објавува овие стории. Дел од нив, во скратена форма ќе бидат прикажани и тука со цел да се увиди статусот на раселените лица, нивниот преглед на она

[102] Исто, стр. 200

што им се случило во 2001 година и повторно, можеби токму од нив да добиеме лекции и надеж за како да се справиме со препреките за градење на мирот во Македонија.

Секое раселено лице има своја приказна и свое мислење. Приказните во оваа книга независно егзистираат една покрај друга, но сите го имаат своето место во големата приказна и може да ни помогнат во формирањето на историската слика на тоа што се случи во 2001 во Македонија. Уште повеќе, да ни помогнат во креирањето на нашата емотивна, лична историја како собитија во ова време и на овој простор. Одговорноста ја споделуваме сите.

Следново интервју е направено со Македонец кој 45 години, од своето раѓање до 2001 година живеел во Арачиново, основал семејство таму, и изградил сопствена куќа.

## Интервју

*КС: Вие кажавте дека сте имале многу убаво детство со Албанците. Како се чувствувате кога вашите деца немаа идентична комуникација како вашата?*

*ТС: Па, малку подруго се чувствував зашто тогаш за време на моето детинство не беа толку населени, потоа почнаа да се (неразбирливо) и за моите деца беше голема разлика меѓу деца Албанци и Македонци. Помалку беа и понастрана. Не се дружеа како што се дружевме ние.*

*КС: Дали вие ги воспитувавте вашите деца да комуницираат со Албанци?*

*ТС: Да. Секогаш сум викал на моите деца: „Немој да бегате од нив, со нив да се дружите повеќе ќе бидете заштитени" и ред други работи.*[103]

Како родител, лицето ТС е свесен дека работите се смениле од неговото детсво па до детството на неговите деца, но сепак настојувал да се одржи некаква комуникација, некаков контакт со цел да се не живее во страв или незнаење. Колкумина родители по 2001 година се спремни да го направат истото?

[103] Мировна Акција, Огништа, 2013 година, стр. 144

*КС: Така значи. Пред 2001ва дали имавте некој настан кој што ве натерал да помислите дека можеби ќе се случи нешто во Арачиново?*

*ТС: Па, сè до 2001ва не сум размислувал дека може да има ваква работа, да има конфликт во Арачиново. Зошто Арачиново гравитира многу блиску до Скопје, и сепак не сум се надевал за такво нешто. Меѓутоа, најголема грешка е што населението не се договори, за да ги прими надворешните фактори, што дојде до конфликтот. Можеа да се договорат Македонците и Албанците дека во Арачиново не може никој да влезе, и не го даваме, меѓутоа испадна сосема друго. Така да, и конфликтот бидна што и ние самите го напуштивме селото.*[104]

Оваа искрена и можеби наивна оптимистичка изјава можеби и може да го промени текот на македонското општество. Идејата е проста. Доколку Македонците и Албанците во Арачиново се сплотеле и не дозволеле да влезат во нивното село вооружени групи, тогаш не би имало раселени лица таму. Но полесно е да се спомене отколку да се исполни. Низ овој труд може да видиме дека кога "твоите" бараат нешто, мора да им угодиш со цел да не бидеш прогласен за предавник, колку и тоа да ти звучи погрешно, колку и тоа ќе ги загрози животите на оние со кои си израснал.

*КС: Превземавте ли нешто во врска со тоа што се случи во Арачиново? На пример колективно како раселени лица?*

*ТС: Па, имавме формирано едно Здружение кое и јавноста го знае, и така да и државата ја имавме дадено на суд, да нè обештетат. Меѓутоа Арачиново како... поневредно не било никогаш, зашто таму сега можеш земја да најдеш за 1 евро, за 2 евра. Додека кај што идеме ние на другите места, значи разликата е огромна, значи 10 : 1 можам да кажам па дури и 30 : 1. И, тука најповеќето нè боли нас што оставивме толкаво имање, а отидовме на други места по 500 квадрати, по 400 и тоа за огромни суми.*[105]

[104] Исто, стр. 146
[105] Исто, стр. 172

Процесите низ кои раселените лица поминале, не се пожелни за никого, но ваквите случаи мораат да имаат поволна разрешница. Државата во овој случај е онаа која не ги заштитила интересите на граѓаните и дозволила да се продадат овие земјишта по многу ниски цени.

*КС: Вие значи не ги гледате поинаку?*

*ТС: Не. Јас нормално ги гледам како и пред 2001-ва. Значи тие, не можам да обвинувам јас некого што, кога не сум вишол. Да кажам дека комшијата ми ја ограбил куќата или ми ја уништил. Значи немам право тоа зашто со мои очи не сум вишол, и затоа и не сакам да обвинувам... секој кој го направил тоа, тоа си е негово. Меѓутоа јас што живеам и што сум живеел и пред 2001-ва и сум продолжил и сега. Значи не се криіам од нив, комуницирам и тие со мене, стално кога ќе се сретнам ете „Со Тихо имаме добри муабети“, па правиме муабети не само на работа кога ќе ги сретнам туку и во автобуси, на пазар. Сепак комуникацијата постои и до ден - денес.*

*КС: Дали куќата ви остана во иста ситуација сите години после 2001-ва година или?*

*ТС: Не. Куќата кога влегов, еднаш кажав дека куќата кога влегов ја оставив и како што ја оставив пред 2001-ва, така ја најдов. Меѓутоа после тоа земаа ја демолираа и на крај 2008- ма година и ја запалија.*

*КС: Дали мислите дека и другата страна го мисли истото?*

*ТС: Па, не знам. Некои да, а некои мислам дека не. Не е целта само едниот етникум да живее. Значи, немаш информации за другиот. Обичаите не можеш да му ги научиш… Не може кога би живееле само Македонците или Албанците , нема што да се научи. И затоа повеќето е за да бидат повеќе националности за да можеш да ја разбереш и нивната… нивните адети, што се вика нивниот живот. Додека јас еве што се вика, сум живеел таму ги знам нивните адети, како се пие чај, како се влегува, како се поздравува... значи тие работи додека живеев... Ако не би живеел со нив нема ни тоа да го знам, само ќе слушам*

*а нема... не сум го доживеал. Меѓутоа, јас сум имал многу контакт со нив, сум ишол по куќи и знам како изгледа Албанскиот живот. Знам доволно.*[106]

Целта кон која треба да се стреми македонското општество е токму оваа последна изјава на субјектот ТС. Не е целта само еден етникум да живее, не е целта да немаме информации едни за други. Доколку државата не најде начин да се казнат злосторниците на пример кој ја запалиле куќата, тогаш како овој човек ќе се чувствува безбеден дури иако сите негови поранешни комшии му велат да се врати во Арачиново.

### 4.4.2 Надворешно раселени лица

За надворешно раселени лица се сметаат оние кои поради конфликтот од 2001 година заминале во странство. За разлика од оние кои се раселени внатрешно, сведоштвата на оние кои се раселени директно или индиректно од конфликтот во 2001 година се некако, поболни, побројни, поприсутни и попостојани. Некои од интервјуата од книгата Огништа ни наведуваат за случаи каде лицата се раселуваат неколку години по конфликтот и бараат подобра иднина во странство. Некои од раселените кои се упатиле кон Косово или Албанија се вратиле во своите домови подоцна. Така, не може да се зборува за само оние што физички ги загубиле домовите, туку и за сите оние кои низ годините загубиле надеж дека нештата во државата ќе се променат, загубиле надеж дека ова наше општество ќе им овозможи достоен живот и иднина за нивните поколенија. Овие случаи се секојдневни и допираат до сите граѓани безразлика на националност. Ако се запрашаат стотина граѓани за тоа како животот се сменил по 2001 година, и колкумина знаат некој кој директно или индиректно биле инволвирани во воените дејствија, процентот на потврден одговор е значително помал од одговорот на прашањето “Дали познавате некој близок кој ја напуштил Македонија во последните години?“. Македонци, Албанци, Роми, Срби, Бошњаци, Турци, Власи, масовно ја напуштаат земјата од исти причини.

Партиски вработувања како резултат на Рамковниот договор, неправда, корупција, сите оние причини поради кои конфликтот во 2001 година започна и сите оние последици

[106] Исто, стр. 174-181

со кои не се справува доследно Рамковниот договор. Младите Македонци разочарани од “своите“ ја гледаат својата иднина далеку од татковите огништа, но ништо поразлични не се ни албанските млади. Всушност, само оние кои лично профитираат од Рамковниот договор и неговата недоследност, можат да се пофалат со подобри услови за живот денес споредбено со пред 2001 година.

## Интервју

Ова е едно од неколкуте интервјуа. Во овој случај станува збор за жена- Албанка, чиј маж учествувал во воените дејствија од албанска страна.

*ФЈ: Значи вашиот сопруг бил војник во војната така?*

*ХИ: Да, беше војник во војната затоа што почна војната, во првите 13 дена, во Калето, потоа после 13 дена пак отиде откако ние избегаве, отидовме во Косово, потоа пак дошол тука...*

*ФЈ: Ти со кого остана дома?*

*ХИ: Јас дома останав сама со две деца, со ќерката и со малиот син, другите два сина беа со татко им, овие беа како помошници на тие на фронтот, така нешто слично.*

*ФЈ: Тој ден кога одлучивте да избегате, што се случи?*

*ХИ: Види, една вечер пред да се оддалечиме, не знаев дека утредента ќе почнат бомбардирањата рано. Јас отидов да го видам семејството кај мајка ми, кога отидов таму, тука видов неколку мажи тука близу кај нивната куќа околу една бандера како разговараат (покажува правецот со рака) за тоа што ќе се случува утре, дека селото ќе се исели, тие разговараа тука и… тука јас сфатив дека командантите сите беа оддалечени, никој немаше, компјутерите ги имаа скршено... тука се зборуваше дека тие со тие (нејасно ) затоа што јас ја оставив вратата отворена и ги слушнав...*

*ФЈ: Да, ги слушна!*

*ХИ: И дојдов овде дома, и утредента во шест часот наутро почнаа бомбардирањата без престанок, сопругот пиеше кафе, го испивме кафето набрзина и тој отиде во војна таму*

*каде што се пукаше... Во Гајре таму каде што беа засилувањата... тој ден, не нè оставија ни главата да ја дигнеме од гранатирања.*

*ФЈ: А сопругот, тој не знаеше дека вие сте избегале од дома?*

*ХИ: Не, мажот ми не знаеше, тој од таму во... до 7 часот дошол в село, додека (...), можеби 8 било, дошол в село кога видел дека селото е празно, дека нема никој. Тогаш тој отишол во Бродец, во село Бродец и не бара таму но и таму не нè наоѓа.*

*ФЈ: Дали ги обвинувате за нешто Македонците?*

*ХИ: За многу нешта ги обвинувам, затоа што никакви права немаме ние Албанците, тие се побунија и војна ни објавија, тие повеќе права имаат, на нас ни објавија војна, без никакви права.*

*ФЈ: Сметате ли дека сета ова војна што се направи во 2001- та донесе нешто, имаше ли некакви резултати за Албанците?*

*ХИ: За Албанците немало ништо, ама за мене лично, за мојот дом, мене само последици ми донесе од кои што се уште не можам да се соземам, затоа што сопругот беше болен, да, две недели откако отидовме таму, влезе во болница. Од болница избега со апчињата под скут и дојде овде, јас уште сега патам со сопругот, за што? За ништо!*

*ФЈ: А Албанците ги обвинуваш за нешто, зошто се случи ова во 2001-та?*

*ХИ: Јас не ги обвинувам Албанците многу, само некои од нив.*

*ФЈ: Можеше ли ова да се направеше на некој друг начин, ова што го добивме, беше ли неминовно вака да се случи, затоа што последиците се поголеми од тоа што добивме?*

*ХИ: Епа сега, некој доби лично, затоа што за кратко време се збогатија, за кратко време купија скапи коли, за кратко време го зедоа средното образование, ги завршија факултетите, само за некои, а за моите деца кои што станаа жртви, ништо нема, работам и дење и ноќе, ништо немам освен оваа куќа што го гледаш самата. Никакво друго богатство немам.*[107]

---

[107] Исто, стр. 28-56

Треба да се обрне особено внимание на тоа како оваа жена ги пронаоѓа виновниците. Македонците пред се и разбирливо од нејзина страна, но и некои Албанци. За она што добиле од војната вели дека пред се болести или ништо. Оние што добиле според нејзе се збогатиле за кратко време и ги обезбедиле своите семејства со образование и слично. Скришно дали оваа личност ни навестува дека станува збор за оние што се во потесните политички кругови? Истите оние што и ден денес сработуваат за своите најблиски без разлика на нивната способност. Оваа жена можеби има некој вид на омраза и бара да се сменат нештата, но самата не живее во заблуда да се осмели да каже дека работата ќе се подобри доколку не постојат Македонците, туку напротив, гледа во политичкиот врв на Албанците виновници за она како се трансформирал животот по 2001 година.

## 4.5 Да не се повтори

Што е она што граѓаните во Македонија можат да сторат со цел да не се повтори конфликтот од 2001 година? Тоа е можеби и најголемиот предизвик за сите нас. Повторувањето на воените дејствија можеби е зад нас, но пред нас се секако истите околности кои влијаеја за појавата на конфликтот. Недоверба, страв, национална и политичка поделба, тензии, и барање виновници за состојбата во која се наоѓа државата. Сега можеби и повеќе од 2001 година, сме загрозени од струи кои лесно може да го втурнат општеството во хаос, насилство и беззаконие. Моменталната власт, моменталните владејачки структури уживаат во пасивноста, поразеноста и бесполезноста на македонското граѓанско општество. Од огромна полза за власта е она што македонските граѓани болно прифаќаат се што им се сервира, било тоа промена на името, бришење на идентитетот, јазикот, нивната репрезентација во парламентот. Живееме во една структура во која власта е неказнета и нивните политички одлуки иако несоодветни се прифаќаат без револт. Власт која ужива таква моќ, несомнено ќе ја злоупотреби.

Ваквото стојалиште неминовно ја турка државата кон пропаст. Неопходни се идеи за заеднички живот, но и за прифаќање на вината, за помирување, но и за транспарентност при државните процеси. Потребни се зрели претставници на народот кој ќе ги почитуваат пред се принципите на демократијата, рамноправност пред законот и законските одредби,

уставот и по секоја цена ќе се спротистават на нивното скврнување. Само така, самиот народ, мултиетнички или не ќе има можност да следи пример кој ја води државата напред. Се додека се следат политичари кои самите ги кршат законите и бараат изговори кога се опоменати, ќе има и граѓани кои ќе ја злоупотребуваат својата позиција во зависност од нивната етничка припадност.

Со цел да не се повтори, но не 2001 година и настаните кои ја одбележија, туку начинот на кој Македонија се справуваше со последиците од 2001 година. Начинот, процесите, невладеењето на правото, немање рамка и концепт за помирување се оние работи кои не смееме да дозволиме да се повторат. Со таа цел треба и внимателно да ги погледнеме странските изјави околу 2001 година. На пример, амбасадорот Џејмс Перд̀ју напоменува:

„Јас не ја знам иднината - никој не може да ја знае - но јас имам надеж за иднината на Македонија. Јас имам многу надежи, но дозволете ми да споменам само три од нив. Прво. Мојата прва надеж е Македонија да се движи надвор од тековната опсесија со минатото. Второ. Мојата втора надеж е поврзана со првата. Се надевам Македонија да биде член на НАТО и на ЕУ. Трето. Мојата трета надеж е секој граѓанин во Република Македонија да се цени според својот индивидуален карактер и според својата заслуга без разлика на етничката припадност.“[108]

Може да видиме дека помош или објективна слика за нашето прашање не треба да се очекува од други. Македонија не е опседната со минатото, напротив, ние бегаме од истото, не се соочуваме ни со настаните од 2001 година, а не пак со нешто подалечно. Третата надеж е за жал најдалечна за нашето општество со оглед на моменталната состојба и тука треба да се запрашаме дали оваа трета надеж ја споделуваме сите или само некои?

---

[108] Десет години од Охридскиот рамковен договор- Дали Македонија функционира како мултиетничка земја, Универзитет на Југоисточна Европа, уредник Блерим Река, Тетово, 2011 година, стр 88

# 5. Заклучок

Предизвиците со кои се соочуваше Македонија низ изминатиов период, и со кои допрва ќе се соочува во иднина не смеат да бидат поголеми од заложбите на владата и граѓаните за заеднички напредок. Не напредок кон слепо зацртани цели, туку пред се оживување на граѓанската активност, самостојност и достоинство. Безбројни се начините да потклекнеме и да посегнеме по патиштата кои не водат до брза и безболна добросостојба, но не се изводливи ниту пак применливи за подолг рок. Она што треба да биде во фокусот е идентификување на најголемите причинители за постконфликниот немир во кој живееме. Рамковниот договор во неговото зачнување е договор за престанок на огнот, ништо повеќе, иако определува членови со кои треба да се уреди уставот на државата. Иако Македонците на почетокот го презираа, со оглед на сегашните случувања би биле среќни доколку Рамковниот договор всушност се почитува. Имањето преглед за загинатите во конфликтот од двете страни, репарациите кои биле поделени и по кој услов, по кој услов се делат народни пари за разни манифестации и културни случувања. Образовниот систем и неговите гранки исто така мора да бидат предмет на истражување, промени и ревизија. Не само околу учебниците, финансирањето, туку и на начинот на кој се дава наставата, предметите кои треба да поттикнат заеднички живот и да ги спремат младите за предизвиците кои не опкружуваат. Процесот на преговарање со други држави, наместо да биде предмет на полемики и меѓусебна недоверба, треба да биде нешто што дополнително ќе го сплоти народот и ќе му ги отвори очите. Во никој случај не можеме да си дозволиме уцени и заложништво при овие процеси, и уште помалку при составување на влада. Ако македонската јавност одлучи после Шарената револуција дека времето на ВМРО- ДПМНЕ дојде до својот крај, зошто тогаш албанскиот блок не промени ништо во врска со ДУИ? СДСМ која моментално е на власт е таму благодарение на ДУИ и тоа е добро познато во партискиот врв на ДУИ и комплетно владеат со одлуките кои се донесуваат. Свеста кај Албанците не е на пониско ниво, и самите знаат дека ДУИ мора да биде заменета исто како и ВМРО, но која ќе биде втората опција и како тие политичари ќе ги застапуваат Албанците останува да видиме. Политичарите не се незаменливи и треба да бидат потсетени на тоа.

Предизвиците со кои се соочуваше Македонија не се исчезнати, туку се зголемуваат со оглед на тоа што ретко кои од горенаведените предизвици и проблеми се посочени како

нешто со што треба да се справиме. Па така, дури и оние лица кои простиле, се помириле со минатото и гледаат кон иднината можат многу лесно да се навратат на старите навики доколку не се превземаат правилните мерки и одлуки. Без разлика на тоа, ако иднината останува на младите, тогаш мора да се осигураме дека младите ќе ги ценат вистинските вредности за управување со една држава а не оние кои или се наметнати или пак ни носат провидни резултати.

Оттаму, македонската јавност треба сериозно да се запраша што поточно беше сторено од 2001 година на натаму со цел да се приближат разликите кои постојат меѓу двете најголеми етнички групи. Дали и едните и другите пред се имаат зацртано свои цели кои мора да бидат исполнети безразлика на реакцијата на другата страна, безразлика на несогласноста кај обичниот народ. Кај оној народ кој на своја кожа ги трпи последиците од конфлиткот а не гледа никакво подобрување на тензиите. Со секои парламентарни избори, национализмот, влевањето страв и уцени се инструментите на кои најчесто се потпираат политичките партии. Ретко кои се осмелуваат да посегнат по системот кој ги донесе штетните влијаниа низ Македонија. Конфликтот од 2001 година е оддамна воено завршен, но цивилниот аспект не е ни приближно во завшрна фаза. Тоа се должи на нашето занемарување на оние принципи врз кои е можно постконфликтно градење на мирот. Соочување со минатотот, процесирање на злосторствата, не само воените туку и оние политичките низ годините, утврдување на фактите а не градење на споменици за величење на злосторства и немање претстава кој, колку и каде бил за време на 2001 година. Потребен е дијалог на заедниците, но не еднаш годишно, не само преку невладини организации кои потоа нема да го проследат она што го зачнале, туку секојдневно, со подадена рака, чист образ и извинување. Институционалните реформи мора да бидат донесени за полза на сите граѓани, не за полза на партиски и етнички вработувања. Промени во уставот, законите, медиумскиот простор, безбедносниот сектор, образованието, треба да го одслкикуваат духот на градење на мирот, а не самоволието, борбата за власт и константно поткопување на безбедноста. Нашите млади, се сегрегирани како белците и црнците во САД низ 50тите, и никому не му пречи тоа. Како е тоа можно? Оазата на мирот за која говореа низ деведесетите години не постои повеќе, напротив, Македонија се претвори во лицетворение на пеколот. Пекол од кои самите можеме да излеземе доколку се освестиме дека потребни ни се значителни системски промени, национални интереси и вредности врз кои ќе може да

градиме иднина. Можеби во скоро време ова нема да биде возможно, но скапа е цената која ќе ја платиме со секој ден одложување на процесот кој ќе ги запре досегашните реални напори да се избега од одговорност, да се исплетат мрежи низ кои нема да биде јасно што се случило, кога се случиле нештата и слично. Секој изминат ден на циклус на повторување на овие предизвици, го уназадуваат македонското општество и го диктираат владеењето на некокумина на кои им е во полза. А народот, македонски, албански, турски, итн, ќе се освестува допрва, и допрва ќе се разделува, ќе крои нови граници и ќе планира последни пресметки или трето и четврто полувреме. Западот можеби може да си го дозволи ова, можеби и не би им сметало толку да се одврати мировната мисла во Македонија, но ние не смееме да си го дозволиме.

Нажалост, една теза, еден магистерски труд не е доволен за да се приближат предизвиците како и последиците од 2001 година пред јавноста. И можеби всушност не е нужен еден магистерски труд. Потребно е нешто повеќе, едно подлабоко општествено општење, еден искрен и безкомпромисен зачеток против досегашните системи. Потребна е ресторативна правда и константно соочување на актерите во помирувањето - жртви, борци и заедници  Само така, народот може да разбере дека кога станува збор за еден конфликт каде многумина изгубиле, нема место за сивило, нема место за мисли „ако моите крадат, добро е, ќе има и за мене". Прашањето е кој ќе се осмели да проговори за овие нешта? Кој ќе биде неразумен, кој и како ќе го разбуди народот и народниот дух, без притоа да создаде етнички тензии, туку меѓуетничко разбирање и заеднички одбив против политичките елити кои го разнебитуваат ова парче земја? Кога светот зборува за репарации, за извинување и соочување со минатото, за простување, за факти, за вистини на конфликти и империајлистички освојувања, зошто Македонија заостанува?

*"... Нам никогаш не ни недостигал разум, нам ни недостига лудост. Оставете ме сам со својата лудост… Јас не одам на Мечкин камен за мене, јас не мислам дека сум незаменлив, напротив, мојот пример може да роди многумина како мене што ќе бидат поарни од мене… " - се верува дека ова го кажал Питу Гули.*

Честопати лудоста ја осудуваме, а во денешно доба лудост е човек да се спротивстави на системот кој полека полека не разделува, разнебитува и уништува. Тогаш

навистина, лудост ни недостасува. Од друга страна пак, ова што македонските граѓани го живеат е несомнено лудост, па може да се каже дека разум ни е потребен повеќе од порано.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- *American Bar Association, Understanding Peace Treaties, 2018, https://www.americanbar.org/groups/public_education/publications/teaching-legal-docs/understanding-peace-treaties/*
- *Arendt Hanah, The Human Condition, 1958*
- *Bjorkdahl, Annika. "Creator of Norms and Bearer of Norms: Researching the Normative Influence of the EU in Macedonia". European Foreign Affairs Review, 10, (2005)*
- *Bolito, J. (2015), "Putting justice needs first: a case study of best practice in restorative justice", Restorative Justice: An International Journal, ; Bolivar, D. (2019), Restoring Harm: A Psychosocial Approach to Victims and Restorative Justice, Abingdon Oxon: Routledge; Hallam, M. (2014), Restoring the Balance: Evaluation of a Project Conducted Through Interviews with Victims, Offenders and Referrals, London: Victim Support (Thames Valley Area).*
- *Bolito, J. (2017), "Inside the restorative justice black box: the role of memory reconsolidation in transforming the emotional impact of violent crime on victims", International Review of Victimology; Sherman, L., et al. (2015), "Twelve experiments in restorative justice: Jerry Lee's program of randomized trials of restorative justice conferences", Journal of Experimental Criminology*
- *Bolivar D., Aertesen, I.. and Vanfraechem, I.. (2015), Victims and Restorative Justice: An Empirical Study on the needs, experiences and position of victims in restorative justice practices, Leuven: European Forum on Restorative Justice.*
- *Desmond Tutu, No Future Without Forgiveness, New York, 1999*
- *Doak, J., "Refining the Stone: Refining Restorative Justice as a Means of Emotional Reparation", Contemporary Justice Review,*
- *Grizold Anton, Mitrevska Marina, Wanis-St. John Anthony, Buchkovski Vlado, Tršar Iza, Conflict Prevention and Conflict Management in the New Security Context: The Case of the Former Yugoslav Republic of Macedonia, Ljubljana, 2012*
- *Hannah Arendt, The Human Condition, The university of Chicago press, 1958*

- *https://civilmedia.mk/soochuvane-so-minatoto-i-segashnosta/*
- *https://mir.org.mk/%D0%BC%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7/*
- *International Crisis Group, Macedonia: Ten years after the conflict, Europe Report Number 212*
- *Joint Statement of the Albanian Political Parties in the Republic of Macedonia, 2017*
- *Lays, Mark. "White Hall Papers: Foreword." Royal United Services Institute, 68:1, (2007)*
- *Lunescu, Oana. "First EU military mission ends". BBC News, Europe, (15 December 2003).*
- *Miers, D. (2001), International Review of Restorative Justice, London: Home Office, p. 85. See also: McCold, P. (2003), "A Survey of Assessment Research on Mediation and Conferencing", in Walgrave, L. (ed.) Repositioning Restorative Justice, Devon (UK): Whelan Publishing*
- *Moore Jeff, Did the US and the EU impose 2001 power-sharing in Macedonia?, 2015*
- *NATO Press Release 032, 2 March 2001.*
- *NATO Press Release 041, 21 March 2001*
- *NATO Press Release 075, 24 May 2001*
- *Obrenovic M., Муралите и денес отвораат воени рани и ги продлабочуваат поделбите во БиХ, Respublika, 2020 https://respublica.edu.mk/mk/blog/muralite-i-denes-otvoraat-voeni-rani-i-gi-prodlabocuvaat-podelbite-vo-bih*
- *Paul, G. "Process Effectiveness and Support for Victim-Offender Conferencing," Conflict Resolution Quarterly*
- *Randall Lesaffer, Peace Treaties and the Formation of International Law, Oxford University Press, 2012*

- *Reconciliation After Violent Conflict- Handbook, International IDEA, Sweden, 2003*
- *Resolution of the Economic and Social Council 2002/12 of July 24, 2002*
- *Resolution of the General Assembly 40/34 of November 29, 1985*
- *Savkovic, Marko. "What lessons can be learned from the negotiation process leading to the Ohrid Framework Agreement?" in Risteska, Marja and Židas Daskalovski (eds.), A decade after the Ohrid Agreement: Lessons (to be) Learned from the Macedonian Experience, Skopje: Center for research and policy making, (2011)*
- *Schimelfennig and Sedelmaier (2004), cited in Katsarska, Simonida, and Gorica Atanasova. "The role of External actors in building civil society: The case of the Republic of Macedonia". CEU Political Science Journal, Vol. 4, no. 1, (2009)*
- *See Council of Europe (2018), Recommendation CM/Rec(2018)8 on restorative justice in criminal works.*
- *See, for example, Chapman, T. and Törzs, E. (eds.) (2018), Connecting People to Restore Just Relations: Practice values and standards guide for restorative justice practices, Leuven: European Forum on Restorative Justice: www.euforumrj.org/sites/default/files/2019-11/efrj-values-and-standards-manual-to-print*
- *Shapland et al. (2011), Restorative Justice in Practice; New Zealand Department of Justice (2016), Restorative Justice Victim Satisfaction Survey: Research Report, Wellington (New Zealand): Department of Justice; Van Camp, T. and Wemmers, J.-A. (2013), "Victim satisfaction with restorative justice: more than procedural justice", International Review of Victimology. See also: Bolivar, et al. (ed.) (2015), Victims and Restorative Justice; Hansen, T. and Ambreit, M. (2018), "Four Decades of Victim-Offender Mediation Research and Practice: Evidence", Conflict Resolution Quarterly*
- *Statement by the High Commissioner for Minority Rights Knut Vollebeck', 718th Plenary, OSCE Permanent Council, Vienna, 26 June 2008.*
- *Strang, H. and Sherman, L.W. (2015), "The morality of evidence", Restorative Justice,*
- *Teaching for Peace- Guiding Young People to Ethnic Reconciliation in Macedonia, KURVE Wustrow- Centre for Training and Networking in Nonviolent Action, 2016*

- *The Economist, "Macedonia's ethnic fighting: On a knife-edge." Europe, 2 June 2001*
- *Todorov P., Teaching History in Macedonia after 2001: Representations of Armed Conflict between Ethnic Macedonians and Ethnic Albanians, History can Bite- History Education in Divided Postwar Societies, pp.111-125, 2016*
- *Tutu Desmond, No Future Without Forgiveness,1999*
- *United Nations Declaration on Basic Principles of Justice for Victims of Crime and Abuse of Power, General Assembly Resolution 40/34 of 29 November 1985,*
- *United Nations Office on Drugs and Crime, Handbook of Restorative Justice Programs - Second Edition, Vienna, 2020*
- *United Nations, A New Agenda for Peace, 2013*
- *UNSCR, Resolution 1186, The Situation in FIROM, 1998*
- *UNSCR, Resolution 1244, The Situation in Kosovo, 1999*
- *Vallentyne, Peter; Staibano, Karina, International Sanctions: Between Words and Wars in the Global System, Routledge, 2005*
- *Van Camp, T. and Wemmers, J.-A. (2016), "Victims' reflections on protective and proactive approaches to the restorative justice offer: The importance of information', Canadian Journal of Criminology and Criminal Justice, ; Pelikan, C. (2010), "On the effectiveness of victim-perpetrator mediation in partnership cases Violence in Austria or Men are not getting better, but women are getting stronger: Is it still true?" Results of an Empirical Study", European Journal of Criminal Policy Research*
- *Vankovska B., Mitic A., Ilievski Z., Wolff S. and Atanasov P., From Independence to Ohrid Framework Agreement and After: Macedonian Conflict Management Experience, Crossroads- The Macedonian Foreign Policy Journal, January-August 2011*
- *А1Он, Османи: Лага е дека има фуснота за јазикот, ако не прифатиме илјадници ќе си заминат, ќе има меѓуетнички тензии, 2022 година, https://a1on.mk/macedonia/video-osmani-laga-e-deka-ima-fusnota-za-jazikot-ako-ne-prifatime-iljadnici-kje-zaminat-kje-ima-megjuetnichki-tenzii/*

- *Апасиев Д., Шкариќ С. и Патчев В., Спорот за името меѓу Грција и Македонија, ЈП Службен весник на РМ, Скопје, 2008 година*
- *Блажевска Катерина, Титоизам за секаква употреба против СРМ, DW, 2023 https://www.dw.com/mk/titoizam-za-sekakva-upotreba-protiv-rsm/a-66546237*
- *Богевска- Малинка К., Од етничка разновидност до етничка еднаквост: Улогата на Охридскиот Рамковен Договор во интеграцијата на етничките заедници, Скопје, 2011 година*
- *Босилковски Игор, Арачиново и денес ги носи лузните од конфликтот пред 15 години, Призма, 2016 https://prizma.mk/arachinovo-denes-gi-nosi-luznite-od-konfliktot-pred-15-godini/*
- *Ванковска Б., Транзициска правда, Филозофски факултет- Скопје, 2021 година*
- *Ванковска Билјана, Политички систем на Република Македонија, Скопје: УКИМ; 2014, стр. 159*
- *Георгиев Г., Историјата е опасна, Дојче Веле, Скопје, 2018 година https://www.dw.com/mk/%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B5-%D0%BE%D0%BF%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B0/a-46797974*
- *Дерала Ц., Соочување со минатото и сегашноста, ЦИВИЛ Медиа, Скопје, 2019 година*
- *Десет години од Охридскиот рамковен договор- Дали Македонија функционира како мултиетничка земја, Универзитет на Југоисточна Европа, уредник Блерим Река, Тетово, 2011 година*
- *Извини, ама ти си од погрешна националност, Мировна Акција, Прилеп, 2014 година*
- *Киров-Мајски Никола, Крушевскиот Манифест- дел од театарската претстава Илинден (1923 година), идејно од оргининалото писмо пратено до турските селани во 1903 година*

- *Костовски Љубомир, Преспанскиот договор и македонскиот идентитет (II дел), Вистиномер, https://vistinomer.mk/prespanskiot-dogovor-i-makedonskiot-identitet-ii-del/*
- *Лозаноска Ј., Помирување или непомирување: предизвици пред кои е исправена Република Македонија, Республика, Скопје, 2018 година https://respublica.edu.mk/mk/blog/2018-10-24-08-30-00*
- *Маглешов Васко, Предводник на „Шверцери“ и пејач го советуваат вицепремиерот Груби, Призма, 2020 година, https://prizma.mk/predvodnik-na-shvertseri-i-pejach-go-sovetuvaat-vitsepremierot-grubi/*
- *Маролов Д. и Стојановски С., Охридскиот рамковен договор наспроти Тирана платформа, Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција, Штип, 2017 година*
- *Мир Фондација, Мултиетничка истражувачка студија за младинско претприемништво, Скопје, 2016 година,*
- *Мировна Акција, Огништа- животни приказни на раселените од 2001, Прилеп ,2013 година*
- *Навраќање кон 2001, Форум цивилен мировен сервис, Скопје, 2020 година*
- *Поделба на власта и спроведување на Охридскиот Рамковен договор, Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2008 година*
- *Рамковен договор, Охрид, 2001 година*
- *Рајковчевски Р.,Импликациите на Охридскиот Рамковен Договор за работата на полицијата: Десет години по потпишувањето, Скопје, 2011 година*
- *Рајковчевски Р.,Современиот идентитет на западниот Балкан трансформиран во активна регионална безбедносна соработка Година 8, број 31, Скопје, 2010 година*
- *Спортмедиа, Омер Буњаку: Немам никаква врска со билетите за ЕП, 2021 година, https://sportsport.mk/2021/05/28/%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D1%80-%D0%B1%D1%83%D1%9A%D0%B0%D0%BA%D1%83-*

*%D0%BD%D0%B5%D0%BC%D0%B0%D0%BC-%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%B1%D0%B8%D0%BB/*

- *Стојков С., Планирање на минатото- сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика, УКИМ- ФЗФ, Скопје, 2017 година*
- *Трпковски Гоце, Наместо за историјата, Калето сведочи за „битката“ од 2011 година, Призма, 2021 година, https://prizma.mk/namesto-za-istorijata-kaleto-svedochi-za-bitkata-od-2011-godina/*
- *Трпковски Гоце, Не фалеа албански гласови, толку се, Призма https://prizma.mk/ne-falea-albanski-glasovi-tolku-se/*
- *Фрчкоски Љ., Интервју, Дојче Веле, Скопје, 2021 година https://www.dw.com/mk/%D1%84%D1%80%D1%87%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BE%D1%85%D1%80%D0%B8%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80-%D0%B5-%D1%83%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B0-%D1%81%D1%90-%D1%83%D1%88%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD/a-58862983*
- *Чековиќ Т., Карактеристики и концептот на државниот тероризам, Скопје, 2018 година*
- *Чекори кон интегрирано Образовниот систем во Република Македонија“, министерство за образование и наука, октомври, 2010 г.*